| 464 | Разни трансфери | 22.378.897 | 142.800 | 995.520 | 0 | 0 | 23.517.217 |
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **422.744.332** | **2.062.440** | **31.313.293** | **43.155.743** | **80.784.326** | **580.060.134** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 2.652.000 | 1.479.000 | 1.453.500 | 0 | 0 | 5.584.500 |
| 481 | Градежни објекти | 41.820.000 | 0 | 0 | 0 | 35.394.326 | 77.214.326 |
| 482 | Други градежни објекти | 362.084.932 | 92.820 | 28.276.753 | 43.155.743 | 45.390.000 | 479.000.248 |
| 483 | Купување на мебел | 714.000 | 460.020 | 1.448.400 | 0 | 0 | 2.622.420 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 15.473.400 | 30.600 | 134.640 | 0 | 0 | 15.638.640 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2020

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Б У Џ Е Т: Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | ВКУПНИ ПРИХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 634.822.274 | 16.504.280 | 227.025.016 | 46.049.456 | 82.368.333 | 1.006.769.369 |
| 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 160.680.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 160.680.000 |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 5.616.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.616.000 |
| 713 | Даноци на имот | 60.840.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.840.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 93.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 93.600.000 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 624.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 624.000 |
| 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 7.384.000 | 16.504.280 | 0 | 0 | 0 | 23.888.280 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 2.392.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.392.000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 520.000 | 16.483.480 | 0 | 0 | 0 | 17.003.480 |
| 724 | Други владини услуги | 312.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 312.000 |
| 725 | Други неданочни приходи | 4.160.000 | 20.800 | 0 | 0 | 0 | 4.180.800 |
| 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 393.958.274 | 0 | 0 | 0 | 0 | 393.958.274 |
| 733 | Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 393.958.274 | 0 | 0 | 0 | 0 | 393.958.274 |
| 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 72.800.000 | 0 | 227.025.016 | 46.049.456 | 0 | 345.874.472 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 72.800.000 | 0 | 227.025.016 | 0 | 0 | 299.825.016 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 46.049.456 | 0 | 46.049.456 |
| 75 | ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 0 | 0 | 0 | 0 | 82.368.333 | 82.368.333 |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 82.368.333 | 82.368.333 |

## БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2020

Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | ОПИС | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 634.822.274 | 16.504.280 | 227.025.016 | 46.049.457 | 82.368.333 | 1.006.769.360 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **36.100.480** | 0 | **154.275.971** | 0 | 0 | **190.376.451** |
| 401 | Основни плати | 23.396.880 | 0 | 112.323.554 | 0 | 0 | 135.720.434 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 8.164.000 | 0 | 41.952.417 | 0 | 0 | 50.116.417 |
| 404 | Надоместоци | 4.539.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.539.600 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.341.600** | 0 | 0 | 0 | 0 | **1.341.600** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 1.040.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.040.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 301.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 301.600 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **131.881.059** | **14.255.800** | **39.806.726** | **2.047.523** | 0 | **187.991.108** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 471.120 | 202.800 | 252.200 | 6.240 | 0 | 932.360 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 31.153.939 | 621.920 | 16.926.584 | 0 | 0 | 48.702.443 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 12.740.000 | 9.612.304 | 2.971.942 | 20.817 | 0 | 25.345.063 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 40.560.000 | 1.179.776 | 6.959.680 | 0 | 0 | 48.699.456 |
| 425 | Договорни услуги | 20.124.000 | 2.203.240 | 11.823.760 | 1.739.390 | 0 | 35.890.390 |
| 426 | Други тековни расходи | 26.832.000 | 435.760 | 872.560 | 281.076 | 0 | 28.421.396 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **2.080.000** | 0 | 0 | 0 | 0 | **2.080.000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 2.080.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.080.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **32.385.699** | **145.600** | **1.015.040** | 0 | 0 | **33.546.339** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 9.568.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.568.000 |
| 464 | Разни трансфери | 22.817.699 | 145.600 | 1.015.040 | 0 | 0 | 23.978.339 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **431.033.436** | **2.102.880** | **31.927.279** | **44.001.934** | **82.368.333** | **591.433.862** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 2.704.000 | 1.508.000 | 1.482.000 | 0 | 0 | 5.694.000 |
| 481 | Градежни објекти | 42.640.000 | 0 | 0 | 0 | 36.088.333 | 78.728.333 |
| 482 | Други градежни објекти | 369.184.636 | 94.640 | 28.831.199 | 44.001.934 | 46.280.000 | 488.392.409 |
| 483 | Купување на мебел | 728.000 | 469.040 | 1.476.800 | 0 | 0 | 2.673.840 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 15.776.800 | 31.200 | 137.280 | 0 | 0 | 15.945.280 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## III. РАЗВОЕН ДЕЛ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА ПЕРИОД 2018 - 2020 ГОДИНА

**ЕАА** ИЗГРДБА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД

ЦЕЛ: Со изградбата на нов, односно преуредувањето на градскиот плоштад ќе се овозможи добивање на нов посовремен простор во централното грдско подрачје на Гевгелија. Со проектот ќе се изработи интегрирано партерно решение, што подразбира усогласување на новопредвидените и постојните објекти.Исто така се предвидува и подземно паркирање со што значително ќе се зголеми просторот за паркирање во централното градско подрачје.

| Категорија | | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 3.000.000 | 10.000.000 | 30.000.000 |
| | | БУЏЕТ | 3.000.000 | 10.000.000 | 30.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ВКУПНО | 3.000.000 | 10.000.000 | 30.000.000 |

**ЕАВ** ИЗГРАДБА НА ГРАДСКО ПАЗАРИШТЕ

ЦЕЛ: Со изградбата на ново градско пазариште во Гевгелија и дислокација на сегашното пазариште, ќе се овозможи растоварување на централното градско подрачје во Гевгелија и добивање на нов современ простор за пазар, со доволно простор за задоволување на потребите на Гевгелија во наредниот период, со добри сообраќајни врски и поголем простор за паркирање.Новото пазариште ќе опфаќа отворен пазаришен простор од 5888м2 надкриен со настрешница, периферно на надкриениот дел ќе има типски затворени дуќани и паркинг простор.Во првата фаза чија реализација е во тек ќе биде изградена површина под настрешница (5888,5м2),тоалет, дел од пристапни патеки и дел од отворениот паркинг простор.Во втората фаза чија реализација ќе започне до крајот на 2016 година, ќе се реализираат административните простории,16 дуќани во рамки на покриениот простор и довршување на пристапни патеки и паркинг просторот.

| Категорија | | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 6.479.300 | 0 | 0 |
| | | БУЏЕТ | 6.479.300 | 0 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | 6.479.300 | 0 | 0 |

ЦЕЛ

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 45.000.000 | 45.000.000 | 0 |
| | БУЏЕТ | 5.000.000 | 5.000.000 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 40.000.000 | 40.000.000 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 45.000.000 | 45.000.000 | 0 |

EAD НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА

ЦЕЛ

Гевгелија се соочува со недостиг на објекти за згрижување и воспитување на децата.Во постојните објекти нема доволен капацитет за згрижување, евидентна е пренатрупаноста на сегашните групи со што се отежнува работењето на детските градинки.И покрај огромната креативност и амбициозност на воспитувачките и негувателките, со преголем број на деца во групата не можат да се постигнат очекуваните резултати.Родителите се соочуваат со проблем дали ќе има место во детската градинка за нивното дете и колку време ќе треба да чекаат за да може да се прими во соодветната група.Постои реална потреба од изградба на нов објект, кој ќе ги задоволи сегашните и потребите во наредните години на граѓаните на градот Гевгелија.
Новата детска градинка ќе биде според сите стандарди и прописи за удобно сместување, згрижување и воспитување на децата со уредени дворови со зеленило и спортски и забавни реквизити.Ќе се обезбеди соодветен образовно-стручен кадар според законските услови пропишани за работа во детската градинка.
Инвестицијата во децата е со цел да се издигнат во млади и перспективни граѓани во служба на нашето општество.Децата се нашата иднина и тука не треба да се штеди.Изградбата на нова градинка ќе придонесе кон видно подобрување на условите за згрижување и воспитување на децата, како и олеснување на работата на кадарот во веќе постојните градинки.Во исто време ќе се овозможи ефикасно и стручно вршење на дејноста.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 45.000.000 | 45.000.000 | 0 |
| | БУЏЕТ | 5.000.000 | 5.000.000 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 40.000.000 | 40.000.000 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 45.000.000 | 45.000.000 | 0 |

EAG НАДГРАДБА НА ЗАПАДНО КРИЛО НА СОУ "ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ"-ГЕВГЕЛИЈА

ЦЕЛ Со надградба на западното крило на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, значително би се намалиле трошоците за греење, електрична енергија и друго.Надградбата е планирана над западното крило и е предвидено изведба на два ката со вкупно 14 училници.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 34.700.320 | 0 | 0 |
| | БУЏЕТ | 0 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 34.700.320 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 34.700.320 | 0 | 0 |

EAL МУЛТИ МЕДИЈАЛЕН КУЛТУРЕН ЦЕНТАР-ГЕВГЕЛИЈА

ЦЕЛ

Мултимедијалниот културен центар како "ново" културно место кое ќе ги спои Пионерски дом,Дом на култура, Работнички универзитет и Библиотека, ќе биде сместен во просториите на Пионерски дом и ќе претставува нов културен импулс во градот. Намената, концептот и архитектонското решение на Мултимедијалниот културен центар ќе ги следи современите светски трендови и начини на активирање на културните збиднувања во општината.Мултимедијаниот културен ценатар ќе биде современ мулти функционален објект чија основна намена е да послужи за најразлични културни, интелектуални, образовни, едукативни , промотивни и забавни потреби.

Мултимедијалниот центар за култура опфаќа простор за околу 2000 м2 и истиот би го сочинувале:една мултимедијална голема сала со капацитет од 260 седишта која ќе биде наменета за прикажување на театарски претстави, концерти, филмски проекции и сл. мала сала со капацитет од 100-150 седишта, кбинети за активности , библиотека,административни и помошни простории, бифе и галериски простор.

За овој Мултимедијален културен центар да го добие својот вистински лик и намената за своето постоење, неопходна е комплетна санација и преуредување на просториите на Пионерскиот дом.Најпрво ќе се замени целокупната инсталациона електрична мрежа за да може објектот непречено да функционира.Ќе се инсталира централно греење и ладење во целиот објект.Комплетно ќе се санира големата сла, ќе се опреми со светлосен парк , професионално озвучување и професионална кино опрема.Ќе се адаптира специјална просторија за кино проекции.Неопходно е и приспособување на помошните простории соблекувалните ,реновирање на санитарните јазли и ставање во употреба на нефункционалните, како и приспособување на кабинетите за непречено одвивање на активностите.Ќе се уреди библиотеката која некогаш постоела во рамки на Пионерскиот дом и ќе се адаптира дел од горниот хол во читална .

Во приземниот дел на холот ќе се уреди бифе и галериски простор.Комплетно ќе се промени и целата столарија која е веќе надвор од употреба .Покрај уредувањето на внатрешноста мултимедијалниот центар ќе добие нов и модереннадворешен изглед кој ќе се огради и хортикултурно ќе се уреди.Во предниот дел на дворот ќе се направи летна сцена која и е многу потребна на Гевгелија и ќе се адаптира паркинг простор за посетителите.

| Категорија | | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 4.000.000 | 43.000.000 | 43.000.000 |
| | | БУЏЕТ | 4.000.000 | 3.000.000 | 3.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 40.000.000 | 40.000.000 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ВКУПНО | 4.000.000 | 43.000.000 | 43.000.000 |

EAM СТАЦИОНАР ЗА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА

ЦЕЛ

Големото присуство на бездомни кучиња на Општина Гевгелија е проблем кој досега не е решен согласно законските прописи и меѓународните принципи за хуман третман на животниите.Со Законот за локална самоуправа ова е дефинирано како проблем со кој треба да се справат општините во Рм.Проблемот засега во Општина Гевгелија импровизирано се решава преку заловување и еутаназија на бездомните кучиња од страна на правното лице-ветеринарно друштво кое преку јавна набавка склучува годишен договор со ЈКПД "Комуналец"-Гевгелија.Но и покрај трошење на општински буџетски средства проблемот со кучињата бездомници не е целосно решен, што и понатаму претставува и предизвикува опсност кај жителите на општината, посебно кај лицата од ранливата категорија-децата,постарите лица, хендикепираните лица, слабоподвижните лица и др.

Во наредниот период овој проблем ќе се реши со реализација на проект за третман на бездомните кучиња, согласно законските прописи и според принципите за хуман третман на животните-ЦНР програма(улови,стерилизирај, пушти)осмислена од Светската асоцијација за заштита на животните и Кралското здружение за заштита на животните на Велика Британија.Оваа програма е поддржана од Светската здравствена организација,а со одобрување од страна на Советот на ОпШтина Гевгелија ќе се реалира преку изградба на Стационар за бездомни кучиња сок кј ќе стопанисува општина Гевгелиј, преку постоечкото или новоформирано Јавно претпријатие.

| Категорија | | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 0 | 25.000.000 | 0 |
| | | БУЏЕТ | 0 | 25.000.000 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ВКУПНО | 0 | 25.000.000 | 0 |

FAA РЕГУЛАЦИЈА НА ДЕЛ ОД КОРИТОТО НА СУВА РЕКА

ЦЕЛ

Сува Река тече јужно од градот Гевгелија и се граничи со урбанизираното градско подрачје.Коритото на реката е мошне широко и при поголеми води реката излегува од својот природен тек и меандрирајќи низ широкото корито предизвикува големи штети.Во минатото при поголеми врнежи од дожд и надоаѓање на поројни води реката редовно го поплавувала делот од градот,кој е во нејзина близина.Заради заштита изграден е бетонски кејски зид на левиот брег,кој е оддалечен 10-20м од најблиските куќи.За целосна заштита на градот и обработливите површини потребна е целосна регулација на коритото на реката.Со реализација на проектот ќе се обезбеди трајно остранување на опасноста од поплавување на градот и обработливите површини, заштита на животната средина и добивање на нови површини околу речното корито со намалување на неговата

| Категорија | | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 21.000.000 | 21.000.000 | 21.000.000 |
| | | БУЏЕТ | 6.000.000 | 6.000.000 | 6.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |



593

| | | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | ДОНАЦИИ | 15.000.000 | 15.000.000 | 15.000.000 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 21.000.000 | 21.000.000 | 21.000.000 |

FAB РЕГУЛАЦИЈА НА ДЕЛ ОД КОРИТОТО НА (МРЗЕНСКА)СЕРМЕНИНСКА РЕКА

ЦЕЛ За регулација на Мрзенска Река (Серменинска) во изминатиот период биле преземени повеќе активности, меѓутоа, поради ширината на коритото, при поголеми води реката излегува од својот природен тек и меандрирајќи низ широкото корито предизвикува големи штети.Посебно голема штета е предизвикана со поплавата од јуни 2004 година, кога беше урнат мостот на регионалниот пат Гевгелија-Негорци и беа поплавени големи површини.За заштита од идни поплави потребно е да се регулира коритото на реката,возводно и низводно од новоизградениот мост, со прокоп на ново корито со што во иднина би се избегнало меандрирањето на реката и излевањето од коритото и ќе се обезбеди решавање на проблемот со поплавување на обработливите површини и станбените и деловните објекти во близина на реката, заштита на животната средина и добивање на нови површини околу речното корито.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 6.000.000 | 6.000.000 | 8.000.000 |
| | БУЏЕТ | 3.000.000 | 3.000.000 | 3.000.000 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 3.000.000 | 3.000.000 | 5.000.000 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 6.000.000 | 6.000.000 | 8.000.000 |

| FAC | РЕГУЛАЦИЈА НА ОДВОДЕН КАНАЛ РАУЉ |
|---|---|
| ЦЕЛ | Каналот "Рауљ" е водотек,кој служи за евакуација на поројните води , кои се јавуваат при поголеми врнежи во градот и неговата поблиска околина.Во поголемиот дел од годината каналот е празен, а единствено протекување на вода има при врнежи од дожд.Каналот бил изведен како отворен канал со трапезен пресек, а во 1998 година од ГИМ АД Скопје е изработен Главен проект за регулација на каналот со кој беше предвидено регулација на 1700м, со изведба на правоаголен затворен бетонски канал со димензии 3,50мх1,80м, од кои беа изведени 400м.Со оглед на тоа што предвиденото решение при пообилни врнежи се покажа како проблематично,од Градежниот факултет Скопје во 2011 година изработена е Студија за состојбите, подлоги и Идејни решенија за уредување на каналот "Рауљ" , а во текот на 2012 година, врз основа на Студијата и Идејниот проект изработен е нов Основен проект за регулација на каналот.Со работите изведени 2012/2013 година е реконструиран односно отворен каналот во должина од 440м од хотел Пелагонија до мостот на ул."7 Ноември" и е изградена нова делница на каналот од мостот на ул."7 Ноември" до крстосницата со ул."Индустриска", во должина од 310м.Во текот на 2015/2016 година во рамките на проектот "Заеднички активности за ефикасен менаџмент со градска вода за пиење во прекуграничниот регион -АКВА М" финансиран од ИПА програмата за прекугранична соработка, изведени се 1085м.Во наредниот период треба да се изведе регулација на уште 640м од хотел "Пелагонија"до вливот на ободниот канал од населба Караорман.Со реализација на оваа делница целосно ќе се заврши регулацијата на каналот од вливот на ободниот канал од населба Караорман се до реката Вардар. |

| | Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 5.805.927 | 0 | 0 |
| | | БУЏЕТ | 5.805.927 | 0 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ВКУПНО | 5.805.927 | 0 | 0 |

FAE ГАСИФИКАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ЦЕЛ

Енергетскиот сектор е од огромно значење за економскиот развој на општината и затоа гасификацијата е една од клучните алки за ваквиот развој.Енергенсите во моментот претставуваат поголеми финансиски оптоварувања за домакинствата, институциите и стопанските субјекти.Најзастапените енергенси во општината како огревното дрво и електричната енергија предизвикуваат значително загадување на животната средина.

На гевгелиското стопанство му е потребен природниот гас веднаш.Граѓаните и институциите ќе добијат можност да се греат на ефтин и еколошки прифатлив енергенс.Со гасификацијата на индустриските зони и со воведување на природниот гас во индустриските постројки , ќе се создадат услови за поголема економичност во работењето, намалена потрошувачка на енергенс, зголемување на продуктивноста на работата,намалување на трошоците за одржување на инвестиционата опрема и др.Со гасификацијата голем бенефит ќе имаат и земјоделските производители,посебно оранжериското и пластеничкото производство каде што сега за загревање се трошат дрва , нафта и јаглен.Гасификацијата овозможува целосна автоматизација на загревачките процеси со што дополнително ќе се намали цената на производите, а значително ќе биде олеснета и работата на земјоделците.

Гасификацијата во општината има и големо еколошко значење доколку постепено греењето прво на јавните објекти а потоа и на дел од индивидуалните домакинства,се преориентира на гас со што се намалуваат трошоците за греење на домакинствата, се намалува емисијата на штетни гасови во животната средина, а ќе се намали и експлоатацијата на шумите.Изработката на физибилити студијата која ќе ги даде сите можности за поврзување на општината со регионалните и меѓународните гасоводни мрежи, по што ќе следи подготовка на проектна документација за изработка на примарна и секундарна мрежа.

| Категорија | | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 24.000.000 | 158.000.000 | 160.000.000 |
| | | БУЏЕТ | 4.000.000 | 8.000.000 | 10.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 20.000.000 | 150.000.000 | 150.000.000 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ВКУПНО | 24.000.000 | 158.000.000 | 160.000.000 |

FAG ИЗГРАДБА НА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА ЗА МУЛТИ НАМЕНСКИ КОМПЛЕКС М

ЦЕЛ

За изградба на примарна и секундарна сообраќајна мрежа, водоводна мрежа, канализациона мрежа и улично осветлување за Мултинаменски комплекс "МИЛЦИ"Гевгелија, изработен е Основен проект, со кој е предвидена изградба на следните содржини:Оска"1",Оска"2",Оска"3",Оска"4",Оска"5",Надвозник , Три кружни тока(1,2,3),Фекална и Атмосферска канализациона мрежа, водоводна мрежа и Електрика-улично осветлување.

| Категорија | | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 15.000.000 | 9.261.181 | 0 |
| | | БУЏЕТ | 15.000.000 | 9.261.181 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |

| | | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 15.000.000 | 9.261.181 | 0 |

JDB ИЗГРДБА НА ПАТ ОД МОСТОТ НА СУВА РЕКА ДО ГРАНИЦАТА СО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

ЦЕЛ До почетокот на 70-тите години од минатиот век функционирал преминот Гевгелија-Идомени за малограничен промет кон Р.Грција.При повторното отварање на овој граничен премин многу ќе се скрати патот до регионот од Р.Грција, кој граничи со општина Гевгелија и ќе се зголеми протокот на луѓе и капитал поради што потребно е да се изгради овој пат, кој ќе добие карактер на регионален, односно меѓународен пат.Со изградбата на мостот на Сува Река,изгрдбата на овој пат повторно се актуелизира со што ќе се овозможи непречено движење до обработливото земјоделско земјиште на десната страна од Сува Река, привлекување на нови инвестиции и отварање на нов граничњн премин кон Р.Грција.Со почетокот на изградбата на овој пат ќе може да се бара истиот да прерасне во регионален или меѓународен пат.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 8.000.000 | 9.000.000 | 9.000.000 |
| | БУЏЕТ | 2.000.000 | 3.000.000 | 3.000.000 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 6.000.000 | 6.000.000 | 6.000.000 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 8.000.000 | 9.000.000 | 9.000.000 |

JDC ИЗГРАДБА НА ЗАОБИКОЛЕН ПАТ ОКОЛУ ГЕВГЕЛИЈА(ЗАПАДЕН И ЈУЖЕН БУЛЕВАР)

ЦЕЛ Заобиколниот пат околу Гевгелија односно изградба на Западен и Јужен Булевар, претставува заобиколен пат, почнувајќи од Моински пат (Регионален пат Р-112 Гевгелија -Н.Конско-Смрдлива вода) кој се движи од јужната страна на градот, од левата страна на Сува река, по насипот на реката и се спојува со ул."Железничка", пред железничкиот мост на пругата Гевгелија-Р.Грција, на југоисточната страна на градот.Дел од овој проект е тесно поврзан со регулацијата на коритото на Сува река и со негова реализација ќе се овозможи изградба на брза сообраќајница за заобиколување на градот на товарниот и останатиот сообраќај, оформување на заштитен појас кон Сува река и проширување , односно отварање на нови површини за градба кои се опфатени со урбаниот опфат на градот.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 5.000.000 | 10.000.000 | 15.000.000 |
| | БУЏЕТ | 5.000.000 | 10.000.000 | 15.000.000 |

| | | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | 5.000.000 | 10.000.000 | 15.000.000 |

JDJ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ НЕГОРЦИ-СЕРМЕНИН

ЦЕЛ Селото Серменин се наоѓа на Кожуф планина, на оддалеченост од околу 20км од Гевгелија и има голем потенцијал за развој на планинскиот и ловниот туризам.Иако има многу малку постојани жители, во селото интензивно се градат викенд куќи и има тенденција на враќање на жителите.Целосната реконструкција на општинскиот пат Негорци-Серменин со должина од 17км, многу ќе придонесе за забрзан развој на овој регион.Со рекострукција на овој пат ќе се овозможи ревитализација на селото,забрзан развој на планинскиот регион на општина Гевгелија и развој на планинскиот и ловниот туризам.Во текот на 2012 година завршени се работите на изградбата на дел од патот со средства од Агенција за државни патишта преку Светска банка.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | 5.000.000 | 21.000.000 | 3.261.104 |
| | БУЏЕТ | 5.000.000 | 9.000.000 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 12.000.000 | 3.261.104 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | 5.000.000 | 21.000.000 | 3.261.104 |

JDM ИЗГРАДБА(ДОВРшУВАЊЕ) НА ЛОКАЛЕН ПАТ Н.КОНСКО-ХУМА

ЦЕЛ Селото Хума се наоѓа на Кожуф планина , на оддалеченост од околу 25км од Гевгелија и има голем потенцијал за развој на планинскиот и ловниот туризам.Иако има многу малку постојани жители, во селото интензивно се градат викенд куќи и има тенденција на враќање на жителите.Изградбата односно довршувањето на преостанатите 1000м на овој локален пат , односно патот кој се издвојува од регионалниот пат Р-112 Гевгелија-Н.Конско-Смрдлива вода, многу ќе придонесе за забрзан развој на планинскиот пограничен регион на општина Гевгелија.Во текот на 2011 година завршени се работите на изградбата на 3км од патот со средства од Агенција за државни патишта преку Светска банка.За целосно довршување на патот остануваат за изведба уште 700м.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | 8.000.000 | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| БУЏЕТ | 4.000.000 | 0 | 0 |
| САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| ДОНАЦИИ | 4.000.000 | 0 | 0 |
| ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **8.000.000** | **0** | **0** |

JDR ИЗГР НА УЛ.СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХР.-ПРОД. НА ДЕЛ ОД БУЛЕВАР" ГЕВГЕЛИЈА" ВО ГЕВГЕЛИЈА

ЦЕЛ Со изградба на ул/"Свети Климент Охридски"(Продолжување на Булевар Гевгелија)во Гевгелија, со должина од 1300м до поврзувањето со Моински пат (Регионален пат Р-112 Гевгелија-Н.Конско-Смрдлива вода) ќе се овозможи целосно префрлување на транзитниот сообраќај кој сега се одвива низ градот, добивање на модерна сообраќајница која ќе овозможи забрзан развој на западниот дел од градот опфатен со ГУП.

| Категорија | | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **10.000.000** | **21.000.000** | **31.000.000** |
| | | БУЏЕТ | 10.000.000 | 21.000.000 | 31.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **10.000.000** | **21.000.000** | **31.000.000** |

JEA КАТНА ГАРАЖА, УРЕДЕНИ ПОСТОЕЧКИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ И НОВИ ПАРКИРАЛИШТА

ЦЕЛ Гевгелија има проблем со недостаток на паркинг простор, особено во централното градско подрачје и е најизразено во текот на работните часови.Исто така недостатокот е изразен и во сите останати делови на градот.Ова секојдневно создава проблеми за голем број наши сограѓани, а придонесува и за создавање гужви и застој во сообраќајот.
Во наредниот период ќе се изгради катна гаража во централното градско подрачје, со што ќе се овозможи дополнителен број паркинг места и ќе се растерети градот од гужвите и застојот.Исто така ќе се направи уредување на постојните предвидени паркинг простори во градот со обележување на местата за паркирање, со што ќе се обезбеди дополнителен број на истите.Ќе се испланираат и изградат нови паркинг простори на сите локации каде за тоа постои можност.

| Категорија | | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **1.000.000** | **35.000.000** | **38.000.000** |
| | | БУЏЕТ | 1.000.000 | 35.000.000 | 38.000.000 |

| | | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 1.000.000 | 35.000.000 | 38.000.000 |

JGD РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО ГЕВГЕЛИЈА(ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИ ЦЕВКИ)

ЦЕЛ Постојниот систем за водоснабдување во градот Гевгелија, во најголем дел е изграден помеѓу 1960-1980 година со употреба на азбестно цементни цевки.Водоводната мрежа поради застареност во најголем дел е неадекватна и дисфункционална и подложна на оштетувања.Со проектот се предвидува замена на азбестно цементни цевки од градската водоводна мрежа во должина од 20.000мсо водоводни цецвки од материјали кои не се штетни по здравјето на луѓето и се со поголем капацитет како би се задоволиле зголемените потреби од вода за пиењена градот.Со реконструкцијата на водоводната мрежа ќе се постигне подобрување на водоснабдувањето на градот, заштита на здравјето на граѓаните и намалување на загубите на вода.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 17.000.000 | 17.000.000 | 16.750.000 |
| | БУЏЕТ | 5.000.000 | 5.000.000 | 5.000.000 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 12.000.000 | 12.000.000 | 11.750.000 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 17.000.000 | 17.000.000 | 16.750.000 |

JGE РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА(ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИ ЦЕВКИ)

ЦЕЛ Постојните системи за водоснабдување во населените места исто како и во градот Гевгелија,во најголем дел се изградени со употреба на водоводни цевки произведени материјали кои содржат елементи штетни за здравјето на луѓето (азбестно- цементни цевки).Водоводните мрежи поради застареност во најголем дел се неадекватни и дисфункционални и подложни на оштетувања.Со проектот се предвидува замена на азбестно-цементни цевки, во сите населени места со водоводни цевки од материјали, кои не се штетни по здравјето на луѓето и се со поголем капацитет како би се задоволиле зголемените потреби од вода за пиење.Со реконструкцијата ќе се постигне подобрување на водоснабдувањето, заштита на здравјето на граѓаните и намалување на загубите на вода.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 4.000.000 | 8.000.000 | 8.000.000 |

| | | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | БУЏЕТ | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 2.000.000 | 6.000.000 | 6.000.000 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 4.000.000 | 8.000.000 | 8.000.000 |

JGI ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ГЕВГЕЛИЈА

ЦЕЛ

Гевгелија со вода за пиење се снабдува од бунарското подрачје кај с.Моин.Меѓутоа, поради развој на градот како и надминување на проблемот со хемиската исправност на водата, потребно е изградба на капацитети за дополнително водоснабдување на Гевгелија со *планирани количини од 200л/с.*За таа цел во почетокот на 2014 година започнати се хидро-геолошки истражни работи за дефинирање на можностите и условите за зафаќање на подземните води и изработка на идејна и основна проектна документација за дополнително водоснабдување на Гевгелија.Локалитетот се наоѓа на простор лоциран во алувијални седименти на рекатa Вардар од *десната страна северoисточно од Гевгелија*, а поширокиот терен завзема простор со вкупна површина од 5км2.Во првиот дел се извршени хидрогеолошките истражувачки работи и изведба на пробно експлоатационен бунар како втора фаза од истражувањето , апо реализација на овој дел, односно врз основа на Конечниот извештај од изведбата на истражните работи, изработени се *Инфраструктурен и Основен проект* за изградба на хидросистем за зафаќање, дистрибуција и искористување на водите за водоснабдување на Гевгелија.Проектот за Изградба на инфраструктура за дополнително водоснабдување со потребни хидротехнички објекти на град Гевгелија, е изработен во согласност со Инфраструктурниот проект и ја следи *конфигурацијата на теренот, просторната* ограниченост на ова поле,и расположливите податоци за постојни и планирани инфрастуктурни објекти.Техничката документација е во согласност со законите и прописите во областа на дизајнот, урбанизмот и важечките стандарди за изградба на системи за водоснабдување.Со реализација на овој проект ќе се обезбеди потребната *количина на вода од 200л/с,* со што ќе се обезбеди доволно количина на квалитетна вода, за што се предвидува изградба на систем од четири експлоатациони бунари од кои водата се транспортира до новопроектиран армирано бетонски резервоар со капацитет од 1000м3.Изградбата на инфраструктура за дополнително водоснабдување со потребните хидротехнички објекти е од *исклучителна важност* за општина Гевгелија, бидејки голем дел од жителите на општината директно се засегнати заради недоволно количина на вода што не можат да се снабдат сите субјекти.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 43.700.000 | 0 | 0 |
| | БУЏЕТ | 0 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 43.700.000 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 43.700.000 | 0 | 0 |

JIA АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

ЦЕЛ

Проектот за изградба на атмосферска канализациона мрежа има функција да ги зафаќа атмосферските води од врнежи на дожд и снег, при топењето во урбаните средини и да ги спроведе во најблискиот реципиент како река или вештачки изработен заштитен канал за таа намена.
Со оглед на тоа што градот Гевгелија е во огромен дел составен од индивидуални стамбени згради од приземје и кат, со самото тоа зафаќа огромна површина која при врнежи од дожд, особено кога се поинтензивни се создаваат големи количини воден талог кои треба да бидат зафатени и спроведени во најблискиот реципиент за да не вршат дополнителен притисок и на онака веќе оптоварената фекална канализација.
Имајќи предвид дека градот Гевгелија лежи на плато кое е благо наклонето од запад кон исток со разлика на терен од околу 30метри при силни врнежи водите од западниот брзо се слеваат во источниот делод градот и ги поплавуваат индивидуалните и стопанските објекти во тој дел од градот.
Во претходниот период одводнувањето од атмосферските води е делумно решено, а во наредниот период со проектот ќе биде опфатено изведба на атмосферска канализација сите улици западно од улиците Деко Ковачев и Петар Мусев.Во понатамошната фаза, планирано е изградба на нови одводни канали и изградба на атмосферска канализација во најкритичните места од градот.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 2.000.000 | 30.000.000 | 30.000.000 |
| | БУЏЕТ | 2.000.000 | 30.000.000 | 30.000.000 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 2.000.000 | 30.000.000 | 30.000.000 |

JIK ИЗГРДБА(ПРОДОЛЖУВАЊЕ)НА ГЛАВЕН КОЛЕКТОР ЗА ОТПАДНИ ВОДИ НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

ЦЕЛ

Постојниот канализационен систем во Гевгелија е мешовит систем и служи за колектирање и одводнување на фекалните и на атмосферските отпадни води.Собраните отпадни води се испуштаат директно во реципиентот р.Вардар, без никакво прочистување.Како предуслов за изградба, односно функционирање на Пречистителната станица за отпадните води, се јавува потребата од одвојување на фекалните од атмосферските отпадни води со одреден степен со одреден степен на разредување со тоа што новоизградениот колектор ќе ги улатува фекалните води до Пречистителната станица, а постојниот колектор ќе служи за одведување на атмосферските води до реципиентот р.Вардар.Со неговата изградба ќе се овозможи изградба на пречистителната станица,заштита на животната средина и подобрување на квалитетот на водата на р.Ваедар.Со неговата изградба ќе се овозможи изградба на пречистителната станица, заштита на животната средина и подобрување на квалитетот на водата на р.Вардар, која се користи за наводнување.Изградбата односно реализацијата на првата фаза е реализирана во 2009 година, а довршувањето треба да се реализира заедно со доврпување на изградбата на Пречистителната станица.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 1.000.000 | 0 | 0 |
| | БУЏЕТ | 1.000.000 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 1.000.000 | 0 | 0 |

JIL ИЗГРДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ОД С.НЕГОРЦИ,НЕГОРСКИ БАЊИ,С.ПР

ЦЕЛ Во близина на Гевгелија се наоѓаат Негорци,Прдејци, Негорските бањи и инд.зони Блокотехна и Прдејци.Теренските и други услови овозможуваат и наложуваат заедничко прифаќање и пречистување на отпадните води од наведените населби, бањата и индустриските зони во една заедничка Пречистителна Станица за отпадни води.При демографската анализа е разгледуван период од 30 години кога вкупниот број на корисници ќе изнесува 4000, на кој број е и димензионирана Пречистителната Станица.Со предвиденото техничко- технолошко решение е предвидено е пречистувањето да се врши со современ аеробен процес кој обезбедува добри резултати на пречистувањето, сигурност на погонот, не бара голема површина за сместување на објектите и е едноставно за одржување во погонски услови, а во процесот на аеробно пречистување на отпадните води не се јавува непријатен мирис.Исто така предвидено е решение во чиј склоп се врши и оксидација на на азотните соединенија што е особено погодно кога ефлуентот се испушта во реки, а процесот на пречистување е поделен во две фази-механичко и биолошко пречистување.За обезбедување на флексибилност во работата и можност за етапна изградба, предвидени се две истоветни линии

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 26.000.000 | 29.000.000 | 25.822.269 |
| | БУЏЕТ | 1.000.000 | 4.000.000 | 4.000.000 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 25.000.000 | 25.000.000 | 21.822.269 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 26.000.000 | 29.000.000 | 25.822.269 |



559

JIN ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ГЕВГЕЛИЈА

ЦЕЛ Постојниот канализационен систем во Гевгелија е мешовит, кој служи за колектирање и одводнување на фекалните и на атмосферските отпадни води.Собраните отпадни води се испуштаат во реципиентот р.Вардар без никакво прочистување. Заради тоа предвидена е изградба на Пречистителна станица на локација, надвор од урбаниот опфат на градот, непосредно низводно од вливот на Сува река во р.Вардар.Со изгрдба на пречистителната станица ќе се постигне заштита на животната средина и подобрување на квалитетот на водата на р.Вардар, која се користи за наводнување. Во текот на 2014 година изграден е мостот за пристап до локацијата и започнати се работите.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 274.000.000 | 0 | 0 |
| | БУЏЕТ | 1.000.000 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 273.000.000 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 274.000.000 | 0 | 0 |

JJA НОВА ДЕПОНИЈА

ЦЕЛ На градот му е потребно итно решавање на проблемот со градската депонија.Имено капацитетот на постојната депонија е речиси исполнет, а поради нејзината локација и близината до населените делови од градот ,честопати граѓаните чувствуваат непријатна миризба.Од друга страна, сегашното предложено решение-изградба на времена депонија во подножјето на планината Кожуф е спротивно на еколошките стандарди и спротивно на волјата на граѓаните. Кожуф е единствената целосна ботаничка градина во Европа и безмислено е да се гради депонија во подножјето на еден таков дар од природата, а и неодамнешниот референдум покажа дека граѓаните се спротиставуваат на уништувањето на животната средина. Изградбата на депонијата на локација повисока од градот ќе значи опасност од загадување на сите елементи на животната средина, вода, воздух и почва.Дополнително на ова, постои опасност дека изградбата на депонијата на предложената локација ќе го доведе во опасност водоснабдувањето на општината, поради близината на депонијата со изворите кај с.Моин.
Затоа новата локална влас се обврзува на повторување на постапката за утврдување на локација за времената депонија и во редовна комуникација со граѓаните и под водството на експертите да изнајде нова погодна локација која ќе обезбеди одрживо решение за изградба на времената депонија која ќе биде во функција се до изградбата на Регионалната депонија.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 5.000.000 | 0 | 0 |
| | БУЏЕТ | 5.000.000 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 5.000.000 | 0 | 0 |

ЈМА: НОВ ГРАДСКИ ПАРК

ЦЕЛ: Сведоци сме сите дека во изминатите години не се водеше доволно грижа за дрвјата и зеленилата во нашата општина.Огромен број на израснати дрвја беа исечени, а зелените површини и паркови беа немилосрдно пренаменети за други потреби.На многу места, кои служеа за одмор и рекреација никнуваа згради и објекти.Граѓаните се соочуваат со огромна потреба од достапни уредени места за одмор, дружење и разгледување во летниот период.
Изградбата и уредувањето на паркови на неколку локации во градот како и обновување на малку од постојните ќе биде еден од приоритетите во наредниот период.
Ќе се изгради и опреми современ градски парк на просторот на поранешниот пазар, кој ќе му даде сосема нов лик на центарот на градот и ќе биде место за релаксирање и разонода на граѓаните од сите возрасти.Паркот ќе биде засаден со голем број млади дрвја околу кои ќе се уреди значаен дел на тревна површина со разни сезонски цвеќиња.Во централниот дел на паркот ќе се изгради осветлен фонтана со многу клупи за одмор.Градскиот парк ќе се изгради така што ќе ги исполнува високите стандарди за заштита на животната средина и безбедноста на посетителите.За одржување на хигиената ќе се поставаат канти за отпад, аквалитетното осветлување, видео надзорот и постојаното обезбедување ќе ја гарантираат безбедноста на посетителите и зачувувањето на опремата.Со поставените разновидни детски реквизити овој централен парк ќе биде огромна радост за најмалите.Во состав на паркот ќе бидат предвидени услови за неколку придружни содржини.

| Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 15.000.000 | 15.000.000 | 0 |
| | БУЏЕТ | 15.000.000 | 15.000.000 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 15.000.000 | 15.000.000 | 0 |

JMB: СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВЕН КОМПЛЕКС СО БАЗЕН

ЦЕЛ

Гевгеличани се сведоци на хаосот кој владее во областа на спортско рекреативните активности во нашиот град во последните десетина години.Незаинтересираноста на претходната општинска власт за спортот и рекреацијата доведе до тоа од град со богата спортска традиција да станеме град каде неможе да се зборува за спорт, а не пак да се носиме рамо до рамо на професионален спортски плансо другите градови.Недостапноста на спортската сала за сите граѓани придонесе граѓаните да одат да рекреираат во други општини, како и учениците своите натпревари да ги одигруваат во други општини.Големиот интерес на децата да се занимаваат со спорт наидува на пречки од есенцијален карактер-немање терени за тренинг и докажување.Потребата од зелени површини со забавни содржини е исто така изразена како кај младите така и кај повозрасната популација.
Затоа изградбата на спортско рекреативен центар е од огромно значење за нашите граѓани и ќе биде еден од главните приоритети во идниот период.
Во просторот на поранешната касарна, во соработка со Владата на РМ и јавно приватно партнерство, ќе никне фудбалски стадион со помошно игралиште за непречено одвивање на сите тренинзи и натпревари.Ќе се изградат отворени терени и балон сала за малите спортови(ракомет,кошарка,фудбал)ќе се изградат два земјени терени за тенис.Гевгеличани во скоро време ќе добијат и отворен базен.Во проектирањето на базенот ќе се предвиди можност за негово покривање во втора фаза од овој проект.Целиот спортско рекреативен центар ќе биде заокружен со мини атлетски полигон.

| | Категорија | Извор на финансирање | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 5.000.000 | 95.000.000 | 100.000.000 |
| | | БУЏЕТ | 5.000.000 | 25.000.000 | 30.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 70.000.000 | 70.000.000 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ВКУПНО | 5.000.000 | 95.000.000 | 100.000.000 |

Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината", а ќе се применува од 1 јануари 2018 година.

Бр.09-2492/1
28 .12.2017 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија
*Ташко Дојчинов*

[illegible] став 1 точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа ([illegible] на РМ бр.5/2002 год.), член 23 став 8 од Законот за [illegible] на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.[illegible] 2007, 156/2009, 47/11 и 192/15 год.), член 20 и 22 од Законот за изменување и дополнување на законот за буџетите("Службен весник на РМ" бр.[illegible] членовите 1, 3, 29-а, 29в, 29г и 29д од Законот за изменување и дополнување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ, и други избрани и именувани лица во Р.М.("Сл.весник на РМ" бр.121/07,42/10), член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија("Сл.весник на РМ" бр.70/14) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на Шесттата седница одржана на 28.12.2017 година, донесе

## ОДЛУКА
## за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година

### Член 1

Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година (во понатамошниот текст: Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

### Член 2

Буџетот на општината се состои од Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации, Буџет на дотации и Буџет на заеми.

### Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

### Член 4

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

### Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и на другите приливи на основниот Буџет на општината.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, предлага на Советот на општината измена и дополнување на Буџетот.

Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет не може да бидат намалени повеќе од 20%, а одобрените средства за плати и надоместоци на ниво на ставки во рамките на буџет не можат со прераспределба да се зголемат повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување или зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали и месеци за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Јавните установи кои се финансираат со блок дотации од Буџетот на општината се должни два дена пред исплатата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати, обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата како и други податоци во пишана и електронска верзија, за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработување јавните установи се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот буџет ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 10**

Исплатата на платите на вработените во општината ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, и се утврдуваат;

-коефициентот за пресметка на платата на градоначалникот изнесува 2,9,со вредност на основицата во износ од 26.755,00 денари.

-вредноста на бодот за пресметка на платите на државните службеници се утврдува со посебна Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници што ја донесува Советот на општината.

-за вработените во територијалната противпожарна единица вредноста на бодот се утврдува на износ од 20,8997 денари.

-за вработените во општинската администрација кои немаат статус на државни службеници бруто платата се утврдува согласно прописите за работни односи со вредност од 17.130,00 денари.

**Член 11**

Надоместокот за годишен одмор ќе изнесува 60% од просечно исплатената месечна нето плата по работник во Република Македонија.

Исплатата на надоместокот за годишен одмор ќе се врши од подставка 404150-други надоместоци, по соодветната програма, на основа донесено решение од Градоначалникот.

**Член 12**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

**Член 13**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалите јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат од блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација.

**Член 14**

Исплатата на надоместоците за отпремнина за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од соодветните програми, расходна подставка 464940-трансфери при пензионирање, во висина од две просечно исплатени месечни нето плати исплатени во Републиката, објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општинската администрација или во Локална јавна установа на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од 30.000,00 денари.

На вработен во општинската администрација и во Локална јавна установа, во случај на смрт на член од потесното семејство(родител,брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посинок, посвоено дете и дете земено на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина од 15.000,00 денари.

Исплатите на надоместоците од претходните ставови на овој член се вршат по претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината, од програмата Д0-Градоначалник, подставка 413110-тековни резерви(разновидни расходи).

**Член 15**

На членовите на Советот на општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патни и дневни трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се утврдува во процентуален износ од 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 2 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Надоместокот за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство, на членовите на Советот на општината им се исплатува според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 16**

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се извршуваат со фактура во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и тоа само во ограничен поединечен износ од 6.000,00 денари, каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 18**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и буџетска тековна резерва) во програмата А0-Совет на општината , одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот поднесува Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 19**

Средствата од ставка 464990-Други трансфери, програма До-Градоначалник, покрај за работи и активности на градоначалникот, ќе се користат и за финансиска помош на физички лица, кои во одредени непредвидени случаи се нашле во состојба на социјална загрозеност; во согласност со Програмата донесена од Советот на општината, за новородено дете на родители со живелиште во општина Гевгелија во износ од 6.000,00 денари, додека за трето новородено дете 12.000,00 денари, како и на физички и правни лица, кои со својата активност се ангажирани за збогатување на одредени манифестации, организирани од општината по повод одбележување на одредени настани.

За користење на средствата од претходниот став, решение донесува градоначалникот на општината најмногу до износ од 50.000,00 денари.

**Член 20**

Средствата од ставка 464990-Други трансфери, програма Ј8, ќе се користат како учество за извршени погребални услуги на граѓаните.

**Член 21**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на приходите на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 22**

Буџетот на општина Гевгелија се извршува од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија„ а ќе се применува од 01 јануари 2018година.

Бр. 09-2493/1
28 .12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов*

Врз основа на член 27 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04,96/04,67/07,156/09 47/11 и 192/15 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на Шесттата седница одржана на ден 28.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува донесување на Буџетски календар за роковите за планирање и усвојување на Буџетот на општина Гевгелија.

**Член 2**

Со Буџетскиот календар се утврдуваат следните рокови во кои ќе се преземаат потребните дејствија за планирање и донесување на Буџетот на општината и тоа:

| Р. бр | назив на органот | Опис на постапката/дејствието што се презема | Месец во тековната година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
| 1 | Советот на општината | донесува **буџетски календар** | * | * | * | | | | | | | | |
| 2 | Министерот за финансии | изготвува **извештај** и го доставува до **Владата** за фискалната состојба во текот на годината | | | * | | | | | | | | |
| 3 | Советот на општината | ја донесува или разгледува **Фискалната стратегија на општината** | | | * | | | | | | | | |
| 4 | Градоначалникот на општината | **ги утврдува главните насоки за подготвување на финансиските планови** на општинските буџетски корисници | | | | | | * | * | | | | |
| 5 | Градоначалникот на општината | **ги доставува до општинските буџетски корисници** главните насоки за изготвување на финансиските планови | | | | | | | * | * | | | |
| 6 | Општинските буџетски корисници | ги доставуваат до општината своите **предлог буџетски пресметки/ финансиски планови**, со образложение за висината на износите по позиции | | | | | | * | * | | | | |
| 7 | Одделението за финансиски прашања | ги **анализира барањата** на општинските буџетски корисници и го известува Градоначалникот за **основните параметри** (зголемени или намалени барања) | | | | | | | * | * | | | |
| 8 | Министерот за финансии | го доставува до општината **буџетскиот циркулар** за подготовки на буџетите на општ. и | | | | | | | | до 30. 09. | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | износот на даноци од буџет.на РМ | | | | | | | | | | | |
| 9 | Одделението за финансиски прашања со градоначалникот на општината | го подготвуваат **нацрт-буџетот на општината** и поднесува на Советот на општината | | | | | | | | | * | * | |
| 10 | Градоначалникот на општината | го доставува до Советот на општината **предлог-буџетот** на општината | | | | | | | | | | * | * |
| 11 | Советот на општината | **го донесува буџетот** на општината за наредната година | | | | | | | | | | | до 31. 12. |

Забелешка:
Обележените полиња ги означуваат роковите во кои треба да се преземат предвидените дејствија за изготвување и донесување на Буџетот на општината.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2494/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
На Советот на општина Гевгелија

*Ташко Дојчинов*

Врз основа на член 88 став 2 од од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14,199/14,48/15 и 154/15 и 5/16 год.), Советот на општина Гевгелија на Шесттата седница одржана на 28.12.2017 година, донесе

## ОДЛУКА
**за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2018 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2018 година изнесува 76,8 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 01 Јануари 2018 година.

Бр.09- 2495/1
28.12 2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија
*Ташко Дојчинов*

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ"бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија" бр.193/16) и член 38 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006 и 8/2010), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 28.12.2017 година, донесе:

## ПРОГРАМА

## За уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година

### ВОВЕД

Со оваа Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година, се уредува:

- **I.** Просторот кој е предмет на уредување;
- **II.** Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- **III.** Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;
- **IV.** Извори за финансирање на Програмата за уредување на градежното земјиште;
- **V.** Трошоци за уредување на градежното земјиште;
- **VI.** Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- **VII.** Динамика и мерки за извршување на Програмата;
- **VIII.** Преодни и завршни одредби.

### I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување се смета градежното изградено и неизградено земјиште на подрачјето на градот Гевгелија кое е опфатено со Генералниот урбанистички план на Гевгелија и Деталните урбанистички планови за урбаните блокови, градежното земјиште во населените места и локалитетот Смрдлива вода за кои е донесена Урбанистичка документација за населено место односно Урбанистички план за село, просторот долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија, како и просторите надвор од населените места за кои има донесено Урбанистички план вон населено место.

### II. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира следново :

### II.1. Подготвителни работи

Во подготвителни работи за уредување на градежното земјиште спаѓаат:

- Оформување на геодетска документација;
- Извршување на основни геомеханички испитувања на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

### II.2. Расчистување на градежното земјиште

Расчистување на градежното земјиште се врши со цел да се опреми земјиштето со објекти на основната и секундарната инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиште се смета:

- Изработка на елаборати за експропријација;
- Решавање на имотно-правните односи со сопственици на земјиштето;
- Решавање на станбеното прашање на сопствениците и носителите на станарско право на објектите кои се рушат;
- Уривање на постојни градежни објекти и расчистување на градежното земјиште.

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се смета опремување со објекти на основната и секундарната инфраструктура заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона, електрична и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно, што го определува општината.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти на основната и секундарната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до границите на градежната парцела.

### III.1. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата надвор од градежната парцела

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата надвор од градежната парцела паѓа на товар на општината и се состои од:

- Проектирање и изградба на улици, паркиралишта, пешачки патеки и друго според урбанистичките планови;
- Проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до градежната парцела;
- Проектирање и изградба на секундарна фекална канализација до собирна шахта;
- Проектирање и изградба на атмосферска канализација;
- Проектирање и изградба на нисконапонска електрична мрежа до приклучен орман;
- Проектирање и изградба на улично осветлување;

- Проектирање и изградба на зелени површини, со хидрантска мрежа и поставување на урбана опрема предвидена со деталните урбанистички планови и проектираното партерно решение.

**III.2. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата во границите на градежната парцела**

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктурата во границите на градежната парцела го врши инвеститорот и се состои од:

- Проектирање и изградба на приклучок на водоводната мрежа со водомерна шахта и водомер и врска со секундарната водоводна мрежа;
- Проектирање и изградба на приклучок на фекалната канализација со посебна шахта и врска со собирна шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на атмосферската канализација со посебна шахта и врска со собирната шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на ниско-напонската електрична мрежа во приклучен ормар (за индивидуални станбени објекти), а за колективни станбени објекти до и со приклучен разводен ормар;
- Одводнување на градежната парцела од буични води; и
- Друго.

## IV. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Изворите за финансирање на Програмата за уредувањето на градежното земјиште во

општина Гевгелија се :

1. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);
2. Комунални такси;
3. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РМ;
4. Трансфери од владини институции;
5. Средства од фондовите на ЕУ и други грантови.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на општина Гевгелија за 2016 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по програми и потпрограми се следните:

| Р:бр | Програма | Потпрограма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Д | ДА | Месна самоуправа - Капитални проекти | 2.000.000,00 |
| 2 | Е | ЕА | Општинска администрација- Капитални трошоци на општината | 96.479.300,00 |
| 3 | Ф | | Урбано Планирање | 125.305.927,00 |
| 4 | Ј | | Комунални дејности | 126.000.000,00 |
| 5 | Л | ЛА | Спорт и рекреација - Капитални расходи | 3.500.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **353.285.227,00** |

## V. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

**Трошоците за реализација на оваа Програма за уредување на градежното земјиште се прикажани во следните програми и потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:**

| Надлежност | Програма | Потпрограма | Глава | Оддел | Точка | опис | износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | | | | | | МЕСНА САМОУПРАВА | |
| | ДА | | | | | **МЕСНА САМОУПРАВА (КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ)** | **2.000.000,00** |
| | | ДА0 | | | | **Месна самоуправа - Капитални проекти** | **2.000.000,00** |
| | | | 1 | | | **Изградба и Реконструкција на објекти** | **2.000.000,00** |
| | | | | | 1.1.1 | Изградба и реконструкција на објекти | |
| | | | | | 1.1.2 | Уредување на простор за пазар во Миравци | |
| Е | | | | | | ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | |
| | ЕА | | | | | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА** | **96.479.300,00** |
| | | ЕА0 | | | | **Капитални трошоци на општината** | **78.000.000,00** |
| | | | 1 | | | **Изработка на проектна документација** | **1.500.000,00** |
| | | | | | 1.1.1 | Проектна документација за изградба и реконструкција на објекти | |
| | | | | | 1.1.2 | Проектна документација за доградба и реконструкција на објектите на детските градинки | |
| | | | 2 | | | **Изградба и Реконструкција на објекти** | **74.000.000,00** |
| | | | | | 2.1.1 | Пренамена на дел од училиштетот во Прдејци за детска градинка | |
| | | | | | 2.1.2 | Реконструкција на административни простории на О.Гевгелија | |
| | | | | | 2.1.3 | Реконструкција на Пионерски дом | |
| | | | | | 2.1.4 | Реконструкција на објектот на поранешна РТГ | |
| | | | | | 2.1.5 | Реконструкција на објектите на ДГ Детска радост | |
| | | | | | 2.1.6 | Реконструкција на училиштата во општина Гевгелија | |
| | | | | | 2.1.7 | Реконструкција (довршување) на Младински дом во Негорци | |
| | | | | | 2.1.8 | Реконструкција на просториите на МЗ Негорци | |
| | | | | | 2.1.9 | Реконструкција на Младински дом во Прдејци | |
| | | | | | 2.1.10 | Реконструкција на Младински дом во Н.Конско | |
| | | | | | 2.1.11 | Реконструкција на Младински дом во Моин | |
| | | | | | 2.1.12 | Реконструкција на Младински дом во Петрово | |
| | | | | | 2.1.13 | Реконструкција на Младински дом во Мрзенци | |
| | | | | | 2.1.14 | Реконструкција на училиштето во Мрзенци | |
| | | | | | 2.1.15 | Реконструкција на кровот на училиштето во Моин | |
| | | | 3 | | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **500.000,00** |
| | | | | | 3.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | | | 4 | | | **Одржување на згради** | **2.000.000,00** |
| | | | | | 4.1.1 | Реконструкција на фасади и молерофарбарски работи на објекти од јавен интерес | |
| | | ЕАА | | | | **Изградба на градски плоштад** | **3.000.000,00** |
| | | | 1 | | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | | ЕАБ | | | | **Изградба на Градско пазариште** | **6.479.300,00** |
| | | | 1 | | | **Изградба на објекти** | |
| | | | | | 1.1.1 | Довршување на изградбата на Градско пазариште (I фаза од изградбата на градско пазариште) | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1.1.2 | Изградба на дуќани и административен објект на градското пазариште (II фаза од изградбата на градско пазариште) | |
| | | 2 | | **Надзор над изградба на објекти** | |
| | | | 2.1.1 | Надзор над изградба на објекти | |
| | ЕАД | | | **Нова Детска градинка** | 5.000.000,00 |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | | 2 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 2.1.1 | Изградба на нова Детска градинка | |
| | | 3 | | **Надзор над изградба на објекти** | |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба на објекти | |
| | ЕАГ | | | **Надградба на западното крило на СОУ Јосиф Јосифовски Гевгелија** | / |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | | 2 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 2.1.1 | Надградба на западното крило на СОУ Јосиф Јосифовски Гевгелија | |
| | | 3 | | **Надзор над изградба на објекти** | |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба на објекти | |
| | ЕАЛ | | | **Мултимедијален културен центар – Гевгелија** | 4.000.000,00 |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | | 2 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 2.1.1 | Мултимедијален културен центар – Гевгелија | |
| | | 3 | | **Надзор над изградба на објекти** | |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба на објекти | |
| Ф | | | | УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ | |
| Ф2 | Ф20 | | | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | *6.500.000,00* |
| | | 1 | | **Договорни услуги и други тековни расходи** | 6.500.000,00 |
| | | | 1.1.1 | Договори со правни лица за одредени ископи, одвоз превоз и др. | |
| | | | 1.1.2 | Договори со физички лица за изработка на катастарски елаборати, вештачења, геометриски мерења и други стручни работи | |
| | | | 1.1.3 | Рушење на објекти (дивоградби, рушење на објекти кои се експроприрани и др.) | |
| | | | 1.1.4 | Изработка на катастарски елаборати и катастарски подлоги, нумерички податоци, вештачења, геометриски мерења, ажурирани катастарски подлоги потребни за изработка на Урбанистички планови објавување на огласи и др. | |
| | | | 1.1.5 | Изработка на подземен катастар | |
| ФА | | | | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ – КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ** | *118.805.927,00* |
| | ФА0 | | | **Уредување на градежното земјиште-Капитални трошоци** | 85.000.000,00 |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | 4.500.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1.1.1 | Инфраструктурни, Идејни, Основни и други проекти за изградба на комплетна инфраструктура (улици, водовод, фекална и атмосферска канализација и улично осветлување) за урбани блокови во градот за кои се донесени Детални Урбанистички планови, односно за селата за кои се донесени Урбанистички планови за села и вон населено место каде што се донесени Урбанистички планови вон населено место | |
| | 1.1.2 | Проектна документација (инфраструктурен, идеен и основен проект) за гасификација на општина Гевгелија | |
| | 1.1.3 | Инфраструктурен Идеен и Основен проект за регулација на р.Вардар во делот опфатен со Урбанистичките планови (м.в Милци) | |
| | 1.1.4 | Изработка на проектна документација за инфраструктурни објекти | |
| | 1.1.5 | Изработка на проектна документација за регулација на реки и други водотеци | |
| | 1.1.6 | Изработка на проектна документација за посебни делови од инфраструктура и други проекти | |
| | 1.1.7 | Изработка на проектна документација за нов објект на Библиотека | |
| 2 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | 500.000,00 |
| | 2.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| 3 | | **Изградба на улици (Бетонирање или поплочување или асфалтирање на улици и краци, тротоари и пешачки патеки)** | 40.000.000,00 |
| | 3.1.1 | Изградба на улици во Гевгелија | |
| | 3.1.2 | Бетонирање или поплочување на дел од улици или краци на улици во Гевгелија | |
| | 3.1.3 | Изградба на тротоари во Гевгелија | |
| | 3.1.4 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Негорци (Гоце Делчев – кон оранжериите, Ѓорче Петров, Фердинанд Јованов, Ристо Шуклев и др.) | |
| | 3.1.5 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Мираавци (Гоце Делчев, Климент Охридски, Вељко Влаховиќ, Елена Минчева) | |
| | 3.1.6 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Богородица, Мрзенци, Прдејци | |
| | 3.1.7 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Н.Конско, Конско, Ума, Кованец, Серменин, Смоквица, Милетково, Давидово, Петрово, Габрово | |
| 4 | | **Реконструкција на улици (Бетонирање, поплочување или асфалтирање на улици и краци, тротоари и пешачки патеки)** | 25.000.000,00 |
| | 4.1.1 | Реконструкција на улици, краци и тротоари во Гевгелија | |
| | 4.1.2 | Реконструкција на улици, краци и тротоари во населените места | |
| 5 | | **Надомест за експропријација** | 15.000.000,00 |
| | 5.1.1 | Продолжување на "Булевар Гевгелија" | |
| | 5.1.2 | Продолжување на Западен Булевар | |
| | 5.1.3 | Улици во УБ 7 (нови улици и ул."Серменинска") | |
| | 5.1.4 | Крак на ул.Р.Фршинин | |
| | 5.1.5 | Мултинаменски комплекс на потегот Гевгелија - ГП Богородица (покрај Автопатот Е-75 и м.в.„Милци"), | |
| | 5.1.6 | Експропријација на градежно неизградено земјиште опфатено со објекти од јавен интерес во општина Гевгелија | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ФАА | | | **Регулација на дел од коритото на "Сува Река"** | **6.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 1.1.1 | Регулација на дел од коритото на "Сува Река" | 6.000.000,00 |
| | ФАБ | | | **Регулација на дел од коритото на "Мрзенска (Серменинска) река"** | **3.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 1.1.1 | Регулација на дел од коритото на "Мрзенска (Серменинска) река" | 3.000.000,00 |
| | ФАЦ | | | **Регулација на одводниот канал „Рауљ"** | **5.805.927,00** |
| | | 1 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 1.1.1 | Довршување на регулацијата на одводниот канал „Рауљ" | 5.805.927,00 |
| | ФАЕ | | | **Гасификација на Општина Гевгелија** | **4.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | 1.1.1 | Изработка на физибилити студија | |
| | ФАГ | | | **Изградба на примарна и секундарна сообраќајна мрежа за Мултинаменски комплекс „МИЛЦИ" Гевгелија** | **15.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба на примарна и секундарна сообраќајна мрежа за Мултинаменски комплекс „МИЛЦИ" Гевгелија | 15.000.000,00 |
| J | | | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | |
| J7 | J70 | | | **ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | **20.000.000,00** |
| | | 1 | | **Одржување и користење на паркови и зеленило** | **20.000.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Уредување и одржување на паркови и зеленило во општина Гевгелија | |
| | | | 1.1.2 | Набавка на насади и растенија за хортикултурно уредување на зелени површини | |
| J8 | J80 | | | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | **12.500.000,00** |
| | | 1 | | **Други оперативни расходи** | **12.500.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Расчистување и одржување на депонии во градот и населените места | |
| | | | 1.1.2 | Расчистување и одржување на одводни канали во градот и населените места | |
| | | | 1.1.3 | Реконструкција и одржување на одводен канал во Негорци | |
| | | | 1.1.4 | Расчистување и одржување на јавни површини | |
| JA | JA0 | | | **ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | **16.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **800.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за изградба на улично осветлување на улици во градот и населениете места каде што е потребно. | |
| | | 2 | | **Изградба на Улично осветлување и Инсталации за напојување со електрична енергија** | **15.000.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на нови линии за улично осветлување во Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на нови линии за улично осветлување во населените места Миравци, Негорци, Богородица, Мрзенци, Давидово, Смоквица, Милетково, Кованец, Смрдлива Вода | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2.1.3 | Издвојување на струјомерите за улично осветлување од трафостаниците на ЕВН | |
| | | 3 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **200.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| JE | JE0 | | | **ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ** | **2.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **100.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за изградба на катна гаража во Гевгелија | |
| | | 2 | | **Изградба и Реконструкција на паркиралишта** | **1.800.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба и Реконструкција на паркинг простори во Гевгелија и населените места | |
| | | 3 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **100.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| ЈГ | | | | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | **14.000.000,00** |
| | ЈГ0 | | | **Изградба на системи за водоснабдување** | **7.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **300.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на нови линии за водоснабдување во Гевгелија и населените места | |
| | | | 1.1.2 | Проектна документација за реконструкција на регионална водоводна мрежа во Гевгелија, Негорци, Миравци и другите населени места | |
| | | 2 | | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **5.000.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на водовод во дел од Урбан блок 5 во Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на водовод во дел од Урбан блок 7 во Гевгелија | |
| | | | 2.1.3 | Изградба на водовод во дел од Урбан блок 9 во Гевгелија | |
| | | | 2.1.4 | Изградба на водовод во дел од Урбан блок 11 во Гевгелија | |
| | | | 2.1.5 | Изградба на водовод во дел од Урбан блок 15 во Гевгелија | |
| | | | 2.1.6 | Изградба на нови водоводни линии во делови од градот за кои се донесени Детални урбанистички планови | |
| | | | 2.1.7 | Изградба на водоводни линии во населените места | |
| | | | 2.1.8 | Изградба на дел од систем за водоснабдување на мултинаменски комплекс на потегот Гевгелија - ГП Богородица (покрај Автопатот Е-75 и м.в.„Милци“) | |
| | | 3 | | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | **1.500.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Реконструкција водоводни линии во градот и населените места | |
| | | | 3.1.2 | Реконструкција на водоводот во Кованец | |
| | | | 3.1.3 | Реконструкција на водоводот (каптажа) во Габрово | |
| | | | 3.1.4 | Реконструкција односно замена на постојната водоводна линија од Миравци кон Давидово со должина од 1600м и линијата Луково - Миравци | |
| | | 4 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **200.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | ЈГД | | | **Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување)** | **5.000.000,00** |
| | | 1 | | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1.1.1 | Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување) | 5.000.000,00 |
| | <u>ЈГЕ</u> | | | <u>**Реконструкција на дел од водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување)**</u> | <u>**2.000.000,00**</u> |
| | | <u>1</u> | | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | |
| | | | 1.1.1 | Реконструкција на дел од водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување) | 2.000.000,00 |
| <u>ЈИ</u> | | | | <u>**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**</u> | <u>***33.000.000,00***</u> |
| | <u>ЈИ0</u> | | | <u>**Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**</u> | <u>**28.000.000,00**</u> |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **700.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на фекални канализации во населените места кои немаат канализација: во Моин, Ново Конско, Смоквица, Давидово, Милетково, Кованец, Ума,Смрдлива вода | |
| | | | 1.1.2 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за атмосферска канализација (колектор) на ул.„Јосиф Јосифовски", „Ристо Фршинин" и „Илинденска" | |
| | | | 1.1.3 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на атмосферска канализација од железничката пруга до реципиентот (Вардар) | |
| | | | 1.1.4 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на други фекални канализациони линии | |
| | | 2 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **300.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | | 3 | | **Изградба на Фекални/Атмосферски канализации, колектори и пречистителни станици** | **25.000.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 4 во Гевгелија | |
| | | | 3.1.2 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 5 во Гевгелија | |
| | | | 3.1.3 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 7 во Гевгелија | |
| | | | 3.1.4 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 9 во Гевгелија | |
| | | | 3.1.5 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 11 во Гевгелија | |
| | | | 3.1.6 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 14 во Гевгелија | |
| | | | 3.1.7 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 15 во Гевгелија | |
| | | | 3.1.8 | Изградба на дел од фекална канализација за мултинаменски комплекс на потегот Гевгелија - ГП Богородица (покрај Автопатот Е-75 и м.в.„Милци") | |
| | | | 3.1.9 | Довршување на изградба на фекална канализација во Негорци | |
| | | | 3.1.10 | Довршување на фекалната канализација (секундарна мрежа) во Богородица | |
| | | | 3.1.11 | Довршување на фекалната канализација (секундарна мрежа) во Мираавци | |
| | | | 3.1.12 | Изградба на други помали фекални канализациони линии во градот и населените места | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3.1.13 | Изградба на атмосферска канализација на ул.„Јосиф Јосифовски“, „Ристо Фршинин“, „Илинденска“ | |
| | | 5 | | **Реконструкција на фекални канализации и колектори** | **2.000.000,00** |
| | | | 5.1.1 | Реконструкција на фекални канализациони линиии во градот и населените места | |
| | ЈИА | | | **Атмосферска канализациона мрежа** | **2.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на атмосферски канализации** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба на атмосферски канализации | 2.000.000,00 |
| | ЈИК | | | **Изградба (продолжување) на главниот колектор за отпадни води на фекална канализација Гевгелија** | **1.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на фекални канализации** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба (продолжување) на главниот колектор за отпадни води на фекална канализација Гевгелија | 1.000.000,00 |
| | ЈИЛ | | | **Изградба на пречистителна станица за отпадни води од с.Негорци, Негорски бањи, с.Прдејци и инд. зони „Блокотехна“ и „Прдејци“** | **1.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на фекални канализации** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба на пречистителна станица за отпадни води од с.Негорци, Негорски бањи, с.Прдејци и инд. зони „Блокотехна“ и „Прдејци“ | 1.000.000,00 |
| | ЈИН | | | **Изградба на пречистителна станица за фекалната канализација** | **1.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на фекални канализации** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба на пречистителна станица за фекалната канализација Гевгелија | 1.000.000,00 |
| ЈЈ | | | | **ИЗГРАДБА НА ДЕПОНИИ ЗА ОТПАД** | **5.000.000,00** |
| | ЈЈА | | | **Нова Депонија** | **5.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | | 2 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 2.1.1 | Изградба на нова депонија | |
| | | 3 | | **Надзор над изградба на објекти** | |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба на објекти | |
| ЈМ | | | | **ИЗГРАДБА НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **22.000.000,00** |
| | ЈМ0 | | | **Изградба на паркови и зеленило – капитални расходи** | **2.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **200.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Основни проекти за изградба на паркови и зеленило | |
| | | 2 | | **Изградба** | **1.500.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на паркови и зеленило во Гевгелија и во населените места | |
| | | 3 | | **Реконструкција** | **300.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Реконструкција на паркови и зеленило | |
| | | 4 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **50.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | ЈМА | | | **Изградба на нов градски парк** | **15.000.000,00** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | | 2 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 2.1.1 | Изградба на нов градски парк | |
| | | 3 | | **Надзор над изградба на објекти** | |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба на објекти | |
| | JМБ | | | **Спортско рекреативен комплекс со базен** | 5.000.000,00 |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | | 2 | | **Изградба на објекти** | |
| | | | 2.1.1 | Изградба на спортско рекреативен комплекс со базен | |
| | | 3 | | **Надзор над изградба на објекти** | |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба на објекти | |
| JН | JН0 | | | **УРБАНА ОПРЕМА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.500.000,00** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **50.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за поставување урбана опрема | |
| | | 2 | | **Изградба на објекти** | **1.000.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на фонтани | |
| | | 3 | | **Набавка на урбана опрема** | **450.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Набавка и монтирање на клупи, табли со натписи, часовници и детски играчки и друга урбана опрема | |
| Л | | | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | |
| ЛА | ЛА0 | | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **3.500.000,00** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **500.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Основен проект за изградба на спортска сала кај ДГ„Сончогледи“Гевгелија | |
| | | | 1.1.2 | Основни проекти за изградба на спортски и детски игралишта | |
| | | 2 | | **Изградба на спортски објекти** | **2.000.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на спортски и детски игралишта во општина Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на Скејт парк | |
| | | 3 | | **Реконструкција на спортски објекти** | **900.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Реконструкција на спортски и детски игралишта | |
| | | 4 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **100.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | | | | **ВКУПНО** | **353.285.227,00** |

**Рекапитулација на расходите:**

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| Д | | МЕСНА САМОУПРАВА | **2.000.000,00** |
| | ДА | Месна самоуправа – Капитални проекти | 2.000.000,00 |
| Е | | ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | **96.479.300,00** |
| | ЕА | Капитални трошоци на општината | 96.479.300,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ф | | УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ | **125.305.927,00** |
| | Ф2 | Уредување на градежно земјиште | 6.500.000,00 |
| | ФА | Уредување на градежно земјиште-Капитални трошоци | 118.805.927,00 |
| Ј | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **126.000.000,00** |
| | Ј7 | Одржување и користење на паркови и зеленило | 20.000.000,00 |
| | Ј8 | Други комунални услуги | 12.500.000,00 |
| | ЈА | Изградба на јавно осветлување | 16.000.000,00 |
| | ЈЕ | Изградба на простор за паркирање | 2.000.000,00 |
| | ЈГ | Изградба на системи за водоснабдување | 14.000.000,00 |
| | ЈИ | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | 33.000.000,00 |
| | ЈЈ | Изградба на депонии за отпад | 5.000.000,00 |
| | ЈМ | Изградба на паркови и зеленило-Капитални расходи | 22.000.000,00 |
| | ЈН | Урбана опрема-Капитални расходи | 1.500.000,00 |
| Л | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **3.500.000,00** |
| | ЛА | Спорт и рекреација-Капитални расходи | 3.500.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **353.285.227,00** |

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### VI.1. Уредување на градежното земјиште

Уредување на градежното земјиште е изградба на објекти на комуналната инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Планирање, проектирање и изведување на инфраструктурата со која се уредува градежното земјиште се врши според урбанистичките планови (Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за село и Урбанистички планови вон населено место).

За уредување на градежното земјиште инвеститорот плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно.

Како целосно уредено градежно земјиште се смета градежното земјиште во општина Гевгелија на кое е изградена или се планира изградба на инфраструктура најмалку од основниот степен на уреденост на градежното земјиште.

Општина Гевгелија, за градежното земјиште во рамки на урбаните опфати на градот, населените места или вон населено место, односно за градежното земјиште за кое се донесени урбанистички планови има изградено или ќе изгради инфраструктурни објекти кои го сочинуваат најмалку основниот степен на уреденост на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува и ќе се наплатува од инвеститорите како за целосно уредено градежно земјиште, а целосното уредување на градежното земјиште општината ќе го изврши по исполнување на правните и техничките услови за тоа и обезбедување на материјални средства, односно по изготвување на проектната документација за инфраструктурните објекти, изготвување и реализација на геодетски елаборати за експропријација, како и наплата на поголем дел од средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште од делот односно Урбаниот блок кој е предмет на уредување, а по претходно планирање на инфраструктурните објекти со годишната програма за уредување на градежното земјиште.

За градежното земјиште за кое не се планира целосно уредување, односно градежното земјиште за кое во Програмата децидно е нагласено дека нема или само делумно ќе се уредува,

надоместокот ќе се наплаќа како за понизок степен на уреденост, согласно процентуалнта вредност на инфраструктурните објекти кои го сочинуваат понискиот степен на уреденост.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште, односно во објектите на комуналната инфраструктура кои треба да ги изгради општината, не е земено предвид обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа, односно изградба на електрична мрежа, што треба да го обезбеди дистрибутерот на електрична енергија, и изведба на ПТТ мрежи што е обврска на операторите на телекомунакационите услуги, со што општината нема обврска да гради електрична и ПТТ мрежа. Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не се земени предвид и приклучните такси за инфраструктурните објекти (такса за приклучок на електричната мрежа и добивање на електроенергетска согласност, такси за приклучок на водоводната и канализационата мрежа и др.), кои се обврска на инвеститорите. Начинот, условите и висината на таксата, односно правата и обврските за приклучување на инфраструктурните објекти инвеститорите ги договараат со субјектите кои стопанисуваат со истите.

Инвеститорот може да го уреди градежното земјиште на свој трошок. Кога уредувањето на градежното земјиште се врши преку учество на приватен партнер истиот има право на враќање на вложеното на начин кој ќе го договори со општината, а особено преку уплатите на новите корисници на веќе поставените објекти.

Уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура како и партерно уредување во границите на градежната парцела го врши инвеститорот.

Кога заради уредување на градежното земјиште е потребно да се постави инфраструктурен објект на туѓо земјиште или друга недвижност, оштината воспоставува присилна комунална службеност заради поставување на објектот.

Одржувањето на објектите на инфрасруктурата на уредено градежно земјиште, го вршат субјектите кои стопанисуваат со истите.

Средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште се приход на општината кој се користи исклучиво наменски за уредување на градежното земјиште.

**VI.2. Степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура**

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост или планирана опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

1. Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови;
   - Подземна електрична мрежа;
   - Улично осветлување;
   - Водоводна мрежа;
   - Фекална канализација; и
   - Атмосферска канализација.

2. Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од основниот степен на уреденост и:
   - ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа;
   - Топлификациона мрежа;
   - Паркинг простори;
   - Гасоводна мрежа; и
   - Пречистителна станица за отпадни води.
3. Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
   - Сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа);
   - Септичка јама (нема приклучок на фекална канализација);
   - Сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација);
   - Нестандардно улично осветлување; и
   - Надземна нестандардна електрична мрежа.

Трошоците за уредување на градежно земјиште, согласно кои се формира висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура, во кои се засметани и трошоците за хидротехнички услови за приклучоци, односно согласно проектираните трошоци за целосно уредување на градежното земјиште, за деловите за кои се планира уредувањето.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основниот степен на уреденост ќе се зголеми за соодветен процент, доколку покрај објектите кои го сочинуваат основниот степен на уреденост постојат еден или повеќе други објекти од останатата инфраструктура кој претставува повисок степен на уреденост, и тоа за:

| | |
|---|---|
| - Топлификациона мрежа | 20% |
| - Гасоводна мрежа | 20% |
| - Паркинг простори | 15% |
| - Пречистителна станица за отпадни води | 15%. |

За делумно уредено градежно земјиште, односно за градежно земјиште за кое не се планира целосно уредување, или се планира само делумно уредување поради непостоење на технички услови за целосно уредување, надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се наплати за инфраструктурните објекти кои постојат или се планирани во делумното уредување и тоа како соодветен процент од висината на надоместокот:

| | |
|---|---|
| - Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат или пристап од некатегоризиран пат | 45% |
| - Водоводна мрежа | 10% |
| - Фекална канализација | 15% |
| - Атмосферска канализација | 10% |
| - Подземна електрична мрежа | 15% |
| - Надземна нестандардна електрична мрежа или нестандардно улично осветлување | 5% |

**VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште, се пресметува врз основа на новата корисна (нето) површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

| 1 | СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ | Коефициенти |
|---|---|---|
| - | Станбени простории | 1,0 |
| - | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор | 0,2 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,2 |
| - | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| - | Трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| - | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| 2 | ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ | |
| - | Простории | 1,0 |
| - | Магацини | 0,5 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| - | Трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,4 |
| - | Балкони, тераси | 0,3 |
| - | Отворен наткриен простор | 0,3 |
| 3 | ДРУГИ ОБЈЕКТИ | |
| - | Катни гаражи | 0,05 |
| - | Спортски покриени објекти | 0,5 |
| - | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| - | Гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Базени | 0,2 |
| - | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 |
| 4 | ЗА ОБЈЕКТИТЕ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ | |
| - | Г1 – Тешка и загадувачка индустија | 0,05 |
| - | Г2 – Лесна и незагадувачка индустија | 0,05 |
| - | Г3 – Сервиси | 0,05 |

| | | |
|---|---|---|
| - | Г4 – Стоваришта | 0,05 |
| 5 | **За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | |
| - | Продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |
| - | Услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |
| 6 | **За објектите од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намени А 4-хотел, мотел, временио сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом** | |
| - | Сите простории | 0,05 |
| 7 | **За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица** | |
| - | Сите простории | 0,05 |
| 8 | **За објекти за високо образование** | |
| - | Сите простории | 0,5 |
| 9 | **За објекти од културата** | |
| - | Сите простории | 0,01 |
| 10 | **За објекти за терцијална здравствена заштита** | |
| - | Сите простории | 0,05 |

Во новата корисна нето површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- Инсталационите канали;
- Окната за лифтови;
- Окна за врати;
- Отворени паркиралишта;
- Подземни резервоари;
- Објекти заштитени како културно наследство.

За сите објекти од табелата со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина за сите објекти од табелата без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното

земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно коефициентите од табелата и другите одредби од оваа точка.

За објектите од група на класи на намени Г – производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите опишани во точка 4 од табелата.

За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа не се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште.

Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на иста градежна парцела, при пресметување на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објектикои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти. Површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови на објектот.

**VI.4. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, пресметана согласно коефициентите од табелата од точка VI.3, изнесува:

- **За градот Гевгелија**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Станбени објекти | 1.500,00 ден./м² |
| 2. | Деловни и јавни објекти | 2.500,00 ден./м² |
| 3. | За објекти од група на класи на намени Г - Производство, дистрибуција и сервиси | 6.000,00 ден./м² |
| 4. | Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) | 6.200,00 ден./м² |

- Објекти од класата на намени Б5 - угостителско туристички комплекси и А4 – хотел, мотел, времено сместување 4.000,00 ден./$м^2$

- Детски градинки, пензионерски и домови за стари лица, објекти за високо образование, објекти за култура и објекти

  за терцијална здравствена заштита 2.500,00 ден./$м^2$

5. Други објекти
   a. Катни гаражи 2.500,00 ден./$м^2$
   b. Гасни и базни станици за 50% од површина на локација 2.500,00 ден./$м^2$
   c. Трафостаници над 35 KW 2.500,00 ден./$м^2$
   d. Спортски објекти 100,00 ден./$м^2$
   e. Базени 100,00 ден./$м^2$

- **За Населени места**

За населените места Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци и Прдејци, Туристичкиот локалитет Смрдлива Вода, како и за другите населени места за кои ќе се донесе Урбанистичка документација, изнесува:

6. Станбени објекти 750,00 ден./$м^2$
7. Деловни и јавни објекти 1.250,00 ден./$м^2$
8. За објекти од група на класи на намени Г - Производство, дистрибуција и сервиси 3.000,00 ден./$м^2$

9. Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./$м^2$
   - Објекти од класата на намени Б5 - угостителско туристички комплекси и А4 – хотел, мотел, времено сместување 2.000,00 ден./$м^2$

   - Детски градинки, пензионерски и домови за стари лица, објекти за високо образование, објекти за култура и објекти

     за терцијална здравствена заштита 1.250,00 ден./$м^2$

10. Други објекти
    a. Катни гаражи 1.250,00 ден./$м^2$
    b. Гасни и базни станици за 50% од површина на локација 1.250,00 ден./$м^2$
    c. Трафостаници над 35 KW 1.250,00 ден./$м^2$
    d. Спортски објекти 100,00 ден./$м^2$
    e. Базени 100,00 ден./$м^2$

- **За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои се или ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место.**
-

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места опфатени со Урбанистички планови вон населено место, изнесува:

11. Станбени објекти 3.000,00 ден./$м^2$
12. Деловни и јавни 5.000,00 ден./$м^2$
13. За објекти од група на класи на намени Г - Производство, дистрибуција и сервиси 6.000,00 ден./$м^2$

14. Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./$м^2$
    - Објекти од класата на намени Б5 - угостителско туристички комплекси и А4 – хотел, мотел, времено сместување 6.000,00 ден./$м^2$

    - Детски градинки, пензионерски и домови за стари лица, објекти за високо образование, објекти за култура и објекти

      за терцијална здравствена заштита 2.500,00 ден./$м^2$

15. Други објекти
    a. Катни гаражи 2.500,00 ден./$м^2$
    b. Гасни и базни станици за 50% од површина на локација 2.500,00 ден./$м^2$
    c. Трафостаници над 35 KW 2.500,00 ден./$м^2$
    d. Спортски објекти 100,00 ден./$м^2$
    e. Базени 100,00 ден./$м^2$

Одредбите од овој поднаслов се применуваат и на објекти предвидени со проектот (студијата) за просторна организација на придружни и услужни објекти и содржини на автопатот Е-75, Коридор 8, 10 и 10а, кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија.

### VI.5. Начин на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште

За надоместокот за уредување на градежното земјиште, неговата висина како и начинот на плаќање, општината и инвеститорот склучуваат Договор во кој се регулираат правата и обврските на договорните страни, а по претходно изготвена детална пресметка.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште инвеститорите (физички и правни лица) може да го платат во цел износ одеднаш, или може да го платат на рати за износи над 10.000.000,00 денари, но исклучиво со целосно обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Доколку инвеститорите не ги почитуваат договорените обврски ќе се преземаат мерки согласно Закон.

### VII. ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

За реализација на инфраструктурни објекти од јавен интерес, општина Гевгелија, ќе поведува постапки за експропријација, пред надлежниот орган на управата.

Согласно Законот за експропријација, на сопствениците на недвижниот имот ќе им се надомести пазарната вредност на одземениот имот со давање на друга соодветна недвижност (доколку е можно,) или со надомест во пари.

Пазарната вредност на одземениот имот ќе се утврдува со примена на Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, а согласно постапката за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија која ја користи Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија.

### VIII. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе зависи од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите извори на средства предвидени со оваа Програма.

### IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по утврдените приоритети.

Измени и дополнувања на Програмата и прераспределба на средствата од една во друга позиција, се врши во иста постапка како и за донесување на нова Програма.

За започнатите постапки за издавање на Одобрение за градење кои не се завршени до денот на влегувањето во сила на оваа Програма, постапката ќе продолжи со примена на одредбите од оваа Програма.

За издадените Одобренија за градење чија важност е истечена, продолжување на нивната важност, односно за издавање на ново Одобрение за градење постапката ќе се спроведе со примена на одредбите од оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 01.01.2018 година.

Бр.09-2496/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 14 и 15 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 12 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006 и 8/2010), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 28.12. 2017 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А

**За изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските**

**патишта и улици во општина Гевгелија за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се утврдуваат изворите на средствата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во 2018 година, нивниот распоред и начин на користење и обемот на работите.

**Член 2**

Висината на средствата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици, се утврдуваат во износ од 106.400.000,00 денари и тоа од следните извори на приходи:

1. Трансфери од владини институции, и тоа од:
1.1. Агенција за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици;
1.2. Агенција за рамномерен регионален развој;
2. Надоместок за уредување на градежно земјиште;
3. Комунални такси;
4. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РМ;
5. Средства од фондовите на ЕУ и други грантови.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по потпрограми се следните:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | J | | **Комунални дејности** | ***106.400.000,00*** |
| 1 | | J6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 9.000.000,00 |
| 2 | | ЈД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 70.000.000,00 |
| 3 | | ЈФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 3.400.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | ***106.400.000,00*** |

**Член 3**

Средствата во висина од 106.400.000,00 денари се распределени во следните потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

| Надлежност | Програма | Потпрограма | Глава | Оддел | Точка | опис | износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| J | | | | | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| <u>J6</u> | <u>J60</u> | | | | <u>ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ</u> | <u>*9.000.000,00*</u> |
| | | 1 | | | **Поправки и Тековно одржување** | **9.000.000,00** |
| | | | <u>*1.1*</u> | | <u>*Одржување на улици и патишта*</u> | <u>*8.500.000,00*</u> |
| | | | | 1.1.1 | Зимско одржување општинските патишта и улици | |
| | | | | 1.1.2 | Расчистување на општинските патишта Гевгелија-Богородица, Негорци-Кованец, Негорци-Серменин и Миравци - Петрово и крак кон Габрово, пат кон Хума | |
| | | | <u>*1.2*</u> | | <u>*Поправка и одржување на опрема*</u> | <u>*500.000,00*</u> |
| | | | | 1.2.1 | Поправка и одржување на семафори | |
| <u>ЈД</u> | | | | | <u>**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**</u> | <u>***94.000.000,00***</u> |
| | <u>ЈД0</u> | | | | <u>**Изградба и реконструкција на општински патишта и улици**</u> | <u>**68.000.000,00**</u> |
| | | 1 | | | **Изработка на проектна документација** | **1.500.000,00** |
| | | | | 1.1.1 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за улици во Гевгелија | |
| | | | | 1.1.2 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за улици во населените места | |
| | | | | 1.1.3 | Изработка на проектна документација за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта во општина Гевгелија | |
| | | | | 1.1.4 | Изработка на проектна документација за сообраќајни решенија за крстосници и кружни текови во Гевгелија | |
| | | 2 | | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **500.000,00** |
| | | | | 2.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | | 3 | | | **Изградба на улици и патишта** | **35.000.000,00** |
| | | | | 3.1.2 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 4 во Гевгелија | |
| | | | | 3.1.3 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 5 во Гевгелија | |
| | | | | 3.1.4 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 7 во Гевгелија | |
| | | | | 3.1.5 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 9 (Караорман) во Гевгелија | |
| | | | | 3.1.6 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 14 во Гевгелија | |
| | | | | 3.1.7 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 15 во Гевгелија | |
| | | | | 3.1.8 | Изградба на улица кон КПУ Затвор Гевгелија (новопланирана 3 според ГУП) | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 3.1.10 | Изградба на нови и доизградба на улици во с.Негорци (Гоце Делчев – кон оранжериите, Ѓорче Петров, Фердинанд Јованов, Ристо Шуклев и др.) | |
| | | 3.1.11 | Изградба на нови и доизградба на улици во с.Миравци (Гоце Делчев, Климент Охридски, Вељко Влаховиќ, Елена Минчева) | |
| | | 3.1.12 | Изградба на нови улици во населените места Богородица, Мрзенци, Прдејци, Давидово | |
| | | 3.1.13 | Уредување на влезната улица во с.Конско | |
| | | 3.1.14 | Уредување на улици во с.Серменин (улица кон манастирот и кон црквата и др.) | |
| | 4 | | **Реконструкција на улици и патишта** | **31.000.000,00** |
| | | 4.1.1 | Реконструкција на улици во Гевгелија (ул."Индустриска","Ѓоко Тутушев" и др.) во Гевгелија | |
| | | 4.1.2 | Реконструкција на улици во населените места во општината (Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци Прдејци) | |
| | | 4.1.3 | Реконструкција на улици или краци на улици во руралните населени места. | |
| | | 4.1.4 | Реконструкција на мостот на влезот во с.Моин | |
| **ЈДБ** | | | **Изградба на пат од мостот на Сува река до границата со Р.Грција** | **2.000.000,00** |
| | 1 | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | 1.1.1 | Изградба на пат од мостот на Сува река до границата со Р.Грција | 2.000.000,00 |
| **ЈДЦ** | | | **Изградба на заобиколен пат околу Гевгелија (Западен и Јужен Булевар)** | **5.000.000,00** |
| | 1 | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | 1.1.1 | Изградба (на заобиколен пат околу Гевгелија (Западен и Јужен Булевар) | 5.000.000,00 |
| **ЈДЈ** | | | **Реконструкција на општинскиот пат Негорци-Серменин** | **5.000.000,00** |
| | 1 | | **Реконструкција на улици и патишта** | |
| | | 1.1.1 | Реконструкција–изградба на општинскиот пат Негорци-Серменин | 5.000.000,00 |
| **ЈДМ** | | | **Изградба (Довршување) на патот за с.Ума** | **4.000.000,00** |
| | 1 | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | 1.1.1 | Изградба (Довршување) на патот за с.Ума | 4.000.000,00 |
| **ЈДР** | | | **Изградба (продолжување) на Булевар Гевгелија во Гевгелија** | **10.000.000,00** |
| | 1 | | **Изградба на улици и патишта** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1.1.1 | Изградба (продолжување) на Булевар Гевгелија во Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски") | 10.000.000,00 |
| <u>ЈФ</u> | <u>ЈФ0</u> | | | <u>**ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**</u> | <u>***3.400.000,00***</u> |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | **100.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта во општина Гевгелија | |
| | | 2 | | **Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација** | **3.300.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Поставување на сообраќајни знаци, ознаки и патокази, заштитни столбчиња на улици и општински патишта | |
| | | | 2.1.2 | Обележување на улици и општински патишта со хоризонтална сигнализација | |
| | | | 2.1.3 | Набавка и поставување на табли со имиња на улици, куќни броеви и др. | |
| | | | 2.1.4 | Изградба (поставување) на семафори | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ (Ј6, ЈД и ЈФ)** | <u>***106.400.000,00***</u> |

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| <u>Ј</u> | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | <u>***106.400.000,00***</u> |
| | **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 9.000.000,00 |
| | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 94.000.000,00 |
| | **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 3.400.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | <u>***106.400.000,00***</u> |

**Член 4**

**Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по утврдените приоритети.**

**Член 5**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува сметано од 01.01.2018 година.

Бр.09-2497/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.12.2017 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија, на домашни и странски физички и правни лица.

Сопственоста врз градежното земјиште создава права и обврски и служи за доброто на сопственикот и на заедницата. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето, користење на земјиштето и право на пренесување на правото на градење на други лица. Правото на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се стекнува врз основа на правно дело, по претходно донесена одлука од страна на Советот или врз основа на судска одлука.

Сопственоста на градежното земјиште на општините вклучува право на градење, користење на земјиштето, право на пренесување на правото на градење на други лица и право на отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што со него е трајно поврзано, а се наоѓа на површината или под неа.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено или неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижносите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено на кое се изградени објекти на комунална инфраструктура, објекти на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација, со приклучоци до градежна парцела.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии што граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура и истата може да се состои од една или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализацијата на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект.

Инфраструктурен објект е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен сообраќај), подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на општина Гевгелија дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2018 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети:

- Индивидуално домување

- Гевгелија, ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2), Одлука бр. 07-1668/1 од 29.08..2014 год.;
- Гевгелија, ДУП за блок 5.3 и 5.6, Одлука бр. 07-1910/1 од 24.10.2013 год.;
- Гевгелија, ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2), Одлука бр. 09-2459/1 од 30.09.2015 год.;
- Богородица УПС ( блок 1,2,3,4,5,6 и 7) Одлука бр. 09-360/1 од 10.02.2016 год.

2. Колективно домување

- Гевгелија, ДУП за ГП 3.02 блок 1 - централно градско подрачје, Одлука бр. 07-2365/1 од 03.12.2012 год.
- Гевгелија, ДУП за блок 5.3 и 5.6, Одлука бр. 07-1910/1 од 24.10.2013 год.

3. Лесна индустрија и мало стопанство

- Гевгелија, ДУП за блок 14 (14.1 и 14.2), Одлука бр. 09-2180/1 од 27.08.2015 г.;
- Негорци - локалитет Блокотехна, ДУП за стопанска зона, Одлука бр. 08- 124/1 од 28.04.1994 год.;

4. Спорт и рекреација

- Богородица, урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, Одлука бр. 07-720/1 од 15.03.2011 год.;
- Гевгелија, ДУП за блок 5.3 и 5.6, Одлука бр. 07-1910/1 од 24.10.2013 год.

Б) Основи за изработка на Програмата

- Законски основ

Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се:

Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ„ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр. 25/06 и 8/10)

- Основни плански документи

  - Стратегија за локален одржлив развој на општина Гевгелија за плански период од 2006 до 2011 година

Општина Гевгелија е надлежна за локалниот економски развој на подрачјето на својата територија, што подразбира:

- Планирање на локалниот економски развој;
- Утврдување на развојните и структурните приоритети и
- Водење на локалната економска политика.

Овој документ вклучува три стратешки компоненти, кои се меѓусебно поврзани и хармонизирани една со друга:

- Локална проценка;
- SWOT Анализа - во три сектори: Инфраструктура, одржлив економски развој и квалитет на живот;
- Стратешки планови - вклучувајќи визија, стратешки цели, развојни цели и преглед на програмите и проектите.

Стратегијата идентификува приоритетни области и стратешки избори, истата поставува широка рамка за економски, социјален и културен развој на општина Гевгелија за периодот 2006 - 2011 година. Сепак, потребна е понатамошна елаборација за креирање на планови за имплементација кои ќе ги дадат деталите за програмите и проектите, учесниците во активностите, финансиски планови, предвидувања и ризици, развојни индикатори и временски проценки. Како што Република

Македонија се движи кон ЕУ интеграциите, подобрените капацитети на локалните учесници ќе бидат искористени за интегрирање и хармонизирање на стратегијата со новите европски, национални и регионални политики.

- Локален еколошки акционен план на општина Гевгелија, донесен на 09.05.1998 година

Цели на локалниот еколошки акционен план на општина Гевгелија се:

- Одредување, проценка и рангирање на Еко проблемите во општината врз основа на релевантниот ризик по човечко здравје, животна средина и квалитет на живеењето.
- Создавање на таков ЛЕАП што ќе ги одреди специфичните стратегии и активности за намалување на најсериозните ризици во средината.
- Подобрување на севкупните еколошки услови во општината и штедењето на парите и жителите преку нискобуџетски стратегии и добри резултати со најмали трошоци.

- Промовирање на јавната свест, разбирање и одговорност за заштита на животната средина и зголемена јавна подршка за еколошки инвестиции (решенија).
- Зајакнување на можностите како на локалната самоуправа така и на ниво на Невладини организации (НВО) за управување со имплементирање на еколошките проблеми вклучувајќи ја нивната способност за привлекување и на странски финансиски средства (инвестиции).

- Потстратегија за рурален развој на општина Гевгелија за плански период од 2008 до 2013 година

Визија

Создавање целосно инкорпориран и финансиски стабилен регион со услови за квалитетно живеење и работење.

Мисија

Подобрување на квалитетот на животот во руралната заедница преку:

- Создавање услови за одржлив социо-економски развој;
- Ефикасни институции;
- Јавни - приватни партнерства;
- Развиен бизнис сектор;
- Ефикасно управување со природни ресурси и инфраструктура и
- Зачувување на традиционални вредности.

Цели на потстратегијата за рурален развој

Специфични цели

- Да се анимира територијата и локалната работна сила (локални оператори / субјекти);
- Да се оддржи локално претприемништво;
- Да се подобри менаџментот и комерцијалните капацитети на локалните фирми;
- Да се зголеми вработувањето;
- Да се заштитат природните и културните ресурси низ призмата на интегрираниот развој на територијата;
- Да се подобрат услугите за руралната популација за да се подобри квалитетот на живеење;
- Да се преквалификуваат човечките ресурси.

Социјални цели

- Да се промовираат иницијативи;
- Да се создадат (ресоздадат) врски;
- Да се мобилизираат човечките и финансиските ресурси;
- Да се преразгледат и надминат традиционалните шеми.

Производствени цели

- Да се создадат нови субјекти и основни услови за рурален развој;
- Да се модернизираат структурите;
- Да се подобрат условите за производство.

a. Туристички акционен план на општина Гевгелија и општина Валандово

Развојот на туризмот ќе биде остварен со креирање на линкови помеѓу сите стопански и нестопански сектори (производен, трговски, културен, невладин, образовните институции и верски установи) се со цел, поддршка на јавните и приватните иницијативи за креирање на конкурентни низи од активности кои што се перспективни на подолг рок, поради остварување на економските и социјалните придобивки во регионот.

Стратешки цели:

- Збогатување на туристичката понуда на регионот (настани, активности и туристички услуги)
- Да се подобри туристичката инфраструктура;
- Да се зголеми туристичкиот маркетинг и промоција;
- Развивање на човечки ресурси во правец на унапредување на туризмот
- Да се зголеми развојот и инвестициите во туризмот.

- Генерален урбанистички план на град Гевгелија измени и дополнување за плански период од 2012 до 2022 година, Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012 год.

Просторната организација на градот подразбира дефинирање на одделни урбани содржини и инфраструктурни системи во рамките на комплексниот социоекономски и просторен систем на градот. Преку усвоените модели во чии рамки ќе се одвива развојот на најважните градски функции се предвидува подобрување на стандардот на домување, просторно дооформување на стопанските зони и нивно инфраструктурно екипирање, просторна дисперзија на нестоипанските дејности и функции на општествената надградба, оптимализирање на услови за одмор, рекреација и спортување, екипирање на градот со комунални инфраструктурни системи, прилагодување на сообраќајниот систем, заштита на културно-историското и градителско наследство на градот и примена на системот за управување на животната средина.

- Програма за изработка на урбанистички планови за 2018 год. ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. ___/17) Одлука бр. ________ од ________ 2017 год.

В) Лица вклучени во изработка на Програмата

1. Станка Карајанова - Раководител на Одделение за располагање со државно градежно земјиште
2. Панче Киров - Раководител на сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина
3. Лидија Картова - советник, овластен градежен инспектор
4. Благица Митрова - советник за експропријација
5. Тони Николов - помлад соработник за изработка на проекти

Глави на програмата:

- Цели на Програмата
  - Општи цели на Програмата

  Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој

  - Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

  Заинтересираните граѓани на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработувања на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

- Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)
  - Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање на тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели.

  - Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план).

Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање
Табела за 2018 година

| број на градежна парцела | вкупна површина на градежна парцела | намена на земјиштето (основна класа) | намена на земјиштето (опис) | броеви на катастарски парцели во состав на градежната парцела | површина на градба | бруто развиена површина | процент на изграденост | коефициент на искористеност на земјиштето | максимална дозволена висина | катност | урбанистички план | населено место |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.96 | 310 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 138 | 552 | 44,5% | 1.78 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.101 | 460 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 208 | 832 | 45,2 | 1.80 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.102 | 439 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 188 | 752 | 42.8 | 1.71 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.103 | 441 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 162 | 648 | 36,7 | 1.46 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.104 | 457 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 167 | 668 | 36.5 | 1.46 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.105 | 262 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 127 | 508 | 48.4 | 1.93 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.106 | 301 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 141 | 564 | 46,8 | 1.87 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.107 | 362 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 166 | 664 | 45.8 | 1.83 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.108 | 416 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 203 | 812 | 48.7 | 1.95 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.109 | 468 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 251 | 1004 | 53,6 | 2.14 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.110 | 451 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 174 | 696 | 38,5 | 1.54 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.111 | 414 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 193 | 772 | 46,6 | 1.86 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.112 | 371 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 152 | 608 | 40,9 | 1.63 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.113 | 302 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 133 | 532 | 44,0 | 1.76 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.114 | 300 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 120 | 480 | 40,0 | 1.60 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.115 | 292 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 121 | 484 | 41,4 | 1.65 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.116 | 363 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 146 | 584 | 40,2 | 1.60 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.117 | 425 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 182 | 728 | 42,8 | 1.71 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.119 | 382 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 183 | 732 | 47,9 | 1.91 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.120 | 424 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 177 | 708 | 41,7 | 1.66 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.121 | 393 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 176 | 704 | 44,7 | 1.79 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.122 | 434 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 174 | 696 | 40,0 | 1.60 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.123 | 375 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 125 | 500 | 33,3 | 1.33 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.128 | 436 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 225 | 900 | 51,6 | 2.06 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.129 | 399 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 194 | 776 | 48,6 | 1.94 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.130 | 361 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 168 | 672 | 46,5 | 1.86 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.132 | 494 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 259 | 1036 | 52,4 | 2.09 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.162 | 284 | А1 | семејно домување | КП бр. 7505/1 КО Гевгелија | 150 | 600 | 52,8 | 2.11 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.163 | 280 | А1 | семејно домување | КП бр. 7505/1 КО Гевгелија | 118 | 472 | 42,1 | 1.68 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.164 | 341 | А1 | семејно домување | КП бр. 7505/1 КО Гевгелија | 155 | 620 | 45,4 | 1.81 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
|---|---|---|
| 3 | **Проект за локална и регионална конкурентност – Инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите (туристичка улица „Милци")** | **6.150.000** |

### 3.2 Туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија

Активностите ќе бидат насочени кон создавање на неопходни предуслови за збогатување на туристичката понуда и нејзина промоција. Притоа, посебно внимание ќе се посвети на можностите за унапредување на руралниот туризам.

Ваквите цели за поголема искористеност на туристичките погодности ќе се остваруваат преку надлежните општински одделенија, а посебно внимание ќе се посвети на зголемената активност и функционалност на Туристичкиот информативен центар.

| Р.бр. | активност | Износ/ден. |
|---|---|---|
| 1. | **Реактивирање на Туристичко информативниот центар** | **500.000** |
| 2. | **Пропагандно-туристички материјал за презентација на општина Гевгелија** | **300.000** |
| | - Пропаганден материјал | |
| | - Туристички водич | |
| | - Флаери и брошури | |
| | - Информативни табли | |
| | **Вкупно:** | **800.000** |

### 3.3 Проекти од областа на енергетската ефикасност

| Р. Бр. | активност | Износ/ден. |
|---|---|---|
| 1. | Донесување и спроведување на Годишниот план за енергетска ефиксност | **100.000** |
| 2. | Енергетска контрола на општински објекти | **200.000** |
| | **ВКУПНО:** | **300.000** |

## 4. Финансирање

Предвидените проектни активности во оваа Програма, во вредност од **41.313.744 денари,** ќе бидат финансирани од ЕУ преку ИПА-ППС со Република Грција и Република Бугарија, додека средствата во износ од **12.980.000** денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија за 2018 година.

5. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2503/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", бр. 5/02 год.) и член 38, став 1, точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија", бр.25/06 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година донесе

## ПРОГРАМА

## За активностите на Општина Гевгелија, во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија за 2018 година

Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – (ФЛОРИТ) Гевгелија е основана на 25.07.2001 година, под името Фондација „Центар за локален развој – Гевгелија." Од 21.01.2005 го носи денешното име, а е формирана како иницијатива на локалната самоуправа, бизнис секторот и невладиниот сектор од општина Гевгелија.

Во изминатите 16 години од нејзиното постоење Фондацијата е етаблирана не само на територијата на општината, туку и во Југоисточниот плански регион на Република Македонија и во прекуграничниот регион каде што воглавно ги реализира своите активности.

Според член 2 од Статутот на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии - Гевгелија, Фондацијата е основана како непрофитна и невладина организација, во која е забрането дејствување од политички, верски или други позиции со кои се нарушуваат човековите права, или се загрозуваат интересите на општината и државата.

Фондацијата се занимава со промовирање политики за одржлив развој на локално и регионално ниво со посебен осврт на воведување иновации и практики за континуирано учење во повеќе области, како животна средина, енергетика, рурален развој, претприемништво,одржлив туризам итн.

**Визија:**

ФЛОРИТ – Гевгелија е афирмирана организација на локално, национално и меѓународно ниво и посакуван партнер за соработка во областа на одржливиот локален и регионален развој која ги промовира и развива традиционалните вредности преку современ пристап и придонесува во јакнењето на капацитетите на локална самоуправа.

**Мисија:**

Мисија на ФЛОРИТ – Гевгелија е да го помага локалниот развој преку иницирање, припрема и реализирање на развојни проекти на територијата на општина Гевгелија и регионот во синергија и партнерство со сите општествени групи и поединци.

**Цели:**

Основна цел на фондацијата е да учествува и да го помага локалниот развој и зацврстувањето на демократијата преку:

1. Обезбедување на знаење и примена на иницијативите кои обезбедуваат одржлив развој;
2. Формирање на прекугранични мрежи за поврзување со слични или исти организации во регионот и државата;
3. Изработка, развој и спроведување на прекугранични развојни проекти;
4. Изработка на стратегиски документи од локален и регионален карактер според пристапот “bottom up”;
5. Изработка на развојни проекти врз аналитички основи кои обезбедуваат објективност и усогласување на податоците според светски норми и стандарди (со посебен осврт на локалните економски параметри, моменталната состојба на пазарот, перспективите на развојот, согледувањето на ризиците и менаџерските способности и искуства);
6. Унапредување и развој на невладини организации и поттикнување на основањето на нови;
7. Унапредување на вештините на локалната работна сила;
8. Поддршка на развојот на туризмот преку имплементација на проекти произлезени од стратешките документи;
9. Поддршка на руралниот развој во општина Гевгелија, Југоисточниот плански регион и на територијата на Република Македонија;
10. Поддршка на културните активности во општина Гевгелија, Југоисточниот плански регион и Република Македонија.

**Целни групи:**

1. Локални власти
2. Регионални власти
3. Граѓански сектор
4. Млади
5. Институции во функција на поддршка на бизнис активности (стопански комори, кластери, земјоделски задруги)
6. Институции и јавни комунални претпријатија кои се формирани од страна на локални власти и други институции во надлежност на локалните власти

**Активности:**

- Идентификација, подготовка и управување со проекти;
- Собирање, анализирање и презентирање на податоците од општината;
- Планирање и подготовка на стратешки документи на општината;
- Промовирање и застапување на општина Гевгелија;

- Истражување достапни извори на финансирање;
- Поттикнување на меѓуопштинска и регионална соработка;
- Воспоставување на прекугранични мрежи за поврзување со слични организации во регионот и пошироко;
- Подготовка, развој и имплементација на проекти за прекугранична развој;
- Подобрување на вештините на локалната работна сила;
- Подобрување и развој на невладини организации и поттик за воспоставување на нови;
- Обезбедување на друга помош на локалните власти во насока на поддршка на развојот.

## A. Програмски активности и развојни приоритети

Програмата за работа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии (ФЛОРИТ) – Гевгелија за 2018 годинае проектирана на неколку нивоа, и тоа:

- Активности на Фондацијата за потребите на општинската администрација,
- Активности на Фондацијата поврзани со подготовки на проекти за прекугранична соработка,
- Активности на Фондацијата со невладиниот сектор во земјава и во соседните држави,
- Активности на Фондацијата со образовните институции, јавниот, културниот и приватниот сектор во општината, и
- Активности на Фондацијата кои тековно произлегуваат во годишното работење.

1.

Програмата за работа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии (ФЛОРИТ) – Гевгелија се води од стратешките определби и документи кои општина Гевгелија ги изработува и спроведува со цел интегрален развој со опфаќање на сите области од значењето за поквалитетен живот и делувањето на општината. Од друга страна, планирањето на локален одржлив развој е метод преку кој учеството на граѓаните и засегнатите страни овозможува да се постигне усогласеност меѓу неколку столбови, како што се локалниот економски развој, социјалниот развој и заштитата на животна средина. Со оглед на тоа што последната Стратегија за локален одржлив развој, којашто општина Гевгелија ја изработи и истата беше усвоена од страна на Советот на Општината е во септември 2006 година, а се однесува на периодот 2006 – 2011 година, ФЛОРИТ-Гевгелија, работи наметодологијата за начинот и постапката на изработка на нова стратегија.
Имено, во наредниот период, преку програмата IPA2CSO, ќе се аплицира со проект: „Изготвување на стратегија за локален/одржлив развој на општина Гевгелија со вклученост на сите засегнати страни“. Износот на можниот грант е во висина од 3000 до 5000 евра, но иако е симболичен, ФЛОРИТ-Гевгелија се зафаќа со подготовка, планирање и организација

на овој значаен документ кој ќе треба да се изготви во период од 6 (шест месеци).
Со овој документ на општина Гевгелија ќе и биде олеснета процедурата при аплицирање и одобрување на проекти од домашни и меѓународните организации, кои при одлучувањето за одобрување на финансиска поддршка бараат општините да имаат изготвен повеќегодишен развоен стратешки документ со јасна визија, цели и приоритети од интерес на локалната заедницата.
Инаку, Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии - Гевгелија, во овој проект може да се јави како носител на активностите и доставување на предлог мерки, а одредувањето на структурата за имплементација и мониторинг на акциониот план за изработка на Стратегијата ја носат градоначалникот и Советот. Тие треба да го одредат координативното тело за имплементација на Стратегијата за локален/одржлив развој, во кое покрај претставник на општината и претставници од Советот, пожелно е да има и претставници од бизнис секторот, образованието, социјална заштита, култура, спорт и од граѓанскиот сектор.

2.
Согласно заложбите на државните органи за поголема поддршка на домашните компании, како еден од предусловите за забрзан локален економски развој, како и насоките кои локална власт ги промовира во делот на овозможување на поголема поддршка на МСП секторот, Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија во 2017 година изработи проект за зголемување на конкурентноста на МСП секторот каде што посебен акцент се става на микро компаниите. Потребата произлегува од тешкиот пристап до финансии и ниското ниво на апсорпција на ЕУ фондовите кои се наведуваат како едно од најголемите ограничувања на МСП секторот во Македонија. Поддршката е потребна не само во делот како да се започне сопствен бизнис, туку многу поважно, како да го управувате, развиете и направите вашиот бизнис профитабилен.
Во таа насока, како дел од активностите кои ФЛОРИТ - Гевгелија ќе ги реализира во рамките на проектот "SME knowledge accelerator" (Акцелератор на знаења на МСП) кој што е одобрен за финансирање по објавениот повик *Europe Aid/138-495/ID/ACT/MK Lot 3: „Подобрување на иновативноста на МСП и капацитетите за истражување и развој, соработката меѓу здруженија и компании со универзитети и институти“* се предвидени мерки и активности кои ќе им овозможат на микро компаниите (компании со број на вработени од 1-9 лица) да бидат конкурентни на пазарот преку подобра апсорпција на ЕУ фондовите. За реализација на овој проект, ЕУ преку нејзините фондови и одобри на ФЛОРИТ - Гевгелија и ко - апликантот „Организација на Жени – Штип“ проект во висина од 174 560 евра од кои што 10 % ги обезбедува ФЛОРИТ-Гевгелија како сопствено учество. Дел од активностите се следниве:
*Работен пакет 1 – Управување со проектот*
1.1. Управување со проектот и координација
1.2. Финансиско управување и мониторинг

*Работен пакет 2 - комуникација и дисеминација*
2.1 План за комуникација
2.2 Дизајн и работа на официјалната веб страница на проектот
2.3 Повеќејазичен информативен материјал за проектот (печатен и електронски)
2.4 Информативна кампања за промоција на можностите за проектот (билборди, ТВ, радио, билтени, информации за расположливи средства на социјалните медиуми итн.)
2.5 Информативен и дисеминациски настан (конференција за успешна промоција на микро компании поддржани од различни фондови на ЕУ)
2.5.1 Промотивен настан (прес-конференција) во општина Гевгелија,
2.5.2 Завршен настан за промоција на постигнатите резултати. Соодветен информативен материјал (брошура)

*Работен пакет 3 - Подготвителни активности*

3.1 Елаборирање на концептот за забрзување на знаењето на микро компаниите (вклучувајќи ги најдобрите практики од други земји, организациска структура, методологија
3.2 Проценка на потребите
3.2.1 Анкетни прашалници
3.2.2 Лични интервјуа
3.2.3 Дискусии на фокус групи - 4 одделни фокус групи ќе се одржат со 5-10 учесници од четирите целни групи: МСП, универзитети, организации за поддршка на бизнисот и меѓународни организации
3.2.4 Работилница за заедничко оценување на потребите - со претставници од сите 4 категории за дефинирање на заедничко разбирање за потребите, услугите, одржливоста и мерењето на перформансите на „МЕКА"

*Работен пакет 4 - Поставување на „МЕКА"*
4.1 Идентификација и ангажирање на реномирани експерти / обучувачи
4.2 Развој на наставна програма за подобрување на вештините и знаењето за пристап до фондовите на ЕУ и зголемување на вкупните перформанси
4.3 Информации од јавен карактер и повик за микро компаниите за учество во проектот. Избор на микро компании врз основа на предефинирани критериуми
4.4 Адаптација / реновирање на постојни простории на ФЛОРИТ, Гевгелија
4.5 Опрема
1 сет на опрема за ФЛОРИТ (лап-топ, ЛЦД, електронска табла, тренерска табла, 1 флипчарт),

*Работен пакет 5 - Обезбедување услуги ориентирани кон потреби*
Активности:
5.1 Модул со програма за забрзување (ЕУ фондови, склопување, преговори, вмрежување и сл.) - Пакет за обука од 4 модули (1 модул = 4 рунди од 2 дена работилница, 20 компании) Преку 4 модули ќе бидат обучени најмалку 80 компании

5.2 Коучинг (менторство, обука на работното место за избрани компании кои успешно го положиле целиот пакет за обука) да се подготват за примена на предлог проекти
5.3 Дводневна конференција– спојување на микро компаниите со финансиски институции, донаторски организации и промоција на најдобрите практики.

Преку проектот, планираме да ги зајакнеме менаџерите на ново формираните микро компании со знаење и компетенции кои ќе им овозможат да ги развијат своите компании во успешни, одржливи и профитабилни бизниси.

3.
ФЛОРИТ-Гевгелија во изминатите години беше координатор на активностите за формирање на Локална Акциска Група на териториите на општините Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран(односно на територијата на „ЛАГ Бојмија“).Се утврдија името, визијата, мисијата, стратешките и развојните цели како и потенцијалните програми и проекти кои ги артикулираат основните потреби и насоки на руралниот развој на територијата на ЛАГ „Бојмија“. Детални информации за целиот процес како и Стратегијата за развој на рурална средина можат да се најдат на http://bojmija.lag.mk/. Согласно известувањето од одделението за координација на подготвителни активности на „ЛЕАДЕР“(ЛЕАДЕР е кратенка која значи „Врски помеѓу активностите за развој на руралната економија“ и претставува мерка од ИПАРД програмата) од ИПАРД фондот при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, потребно е ревизија на содржината и методологијата за подготовка на стратегиите за локален развој на рурални средини и начинот на нивно одобрување.
Во 2018 година е предвидено правна регистрација на Локална акциска група (ЛАГ) „Бојмија“, согласно правилникот за поблиски услови за запишување во евиденцијатана Локална акциска група, постапката за упис, потребна документација и начин на водење на евиденција. Понатаму ќе следува постапка за акредитација (самиот процес е утврден од страна на ЕУ) од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

4.
Изработката на Програмата за енергетска ефикасност останува приоритет во 2018 година. За нејзина изработка, потребно е обезбедување на информации во врска со потрошувачката на енергија (електрична енергија, нафта дрва...) од страна на сите општински установи, односно објекти.Постои нова унифицирана методологија за изработка на програма за енергетска ефикасност, одобрена од страна на Агенцијата за енергетика, според која сите општини треба да ги унифицираат програмите за енергетска ефикасност, а исто така и софтверска алатка за следење и управување со потрошувачката на енергија на објектите од јавниот сектор одобрена од страна на Министерството за економија.

5.
ФЛОРИТ – Гевгелија во 2018 година ќе продолжи да дава техничка и стручна помош на општина Гевгелија и останати институции на подрачјето на општината при подготовка и имплементација на одобрени проекти од програмата за прекуграничната соработка. Во 2017 година е одобрен за имплементација проектот „Оддржливо управување на прекуграничните водни ресурси“ со акроним „AQUA-M II“каде што партнери на Општина Гевгелија се Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија, Универзитетот Аристотел – оддел за Хемија од Солун, Грција, Општинското претпријатие за водовод и канализација на Пеонија, Општинското претпријатие за водовод и канализација на Халкидона. Во постапката пред потпишување на договорот, односно процесот на преговарање, активно учествуваме при утврдување на сите предвидени активности за имплементација во рамки на проектот.
Покрај ова, ФЛОРИТ-Гевгелија, за потребите на јавниот сектор во општината, учествуваше и во комплетирање на проектна документација на проектот„Заеднички активности за заштита и подобрување на здравјето на луѓето во прекуграничната област“ со акроним „IPA Shield II“кој што исто така е одобрен за финансирање. Овој проект е продолжение на претходниот одобрен проект кој се спроведува во рамките на третиот повик при Програмата за прекугранична соработка Грција - Македонија 2007-2013 година, од каде произлезе и соработката на двата партнери - Општа болница - Кукуш и Општа болница - Гевгелија. Креирањето на партнерството, беше предложено и овозможено од страна на ФЛОРИТ-Гевгелија. Партнери во проектот се: Општата болница во Кукуш, Јавната здравствена установа Општа болница – Гевгелија, Заводот за осигурување на регионот Македонија и Тракија, Здравствен дом Валандово и Национален ургентен центар на Грција.

6.
ФЛОРИТ-Гевгелија ќе продолжи со имплементацијата на проектот „Промовирање на децентрализирано производство на енергија од обновливи извори на енергија“ (EnerGain) Проектотзапочна со имплементација на 18 Октомври 2016 година, а го имплементираат Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија и Сојузот на производители на еколошка енергија – БГ од Благоевград. Истиот има за цел да го поддржи формирањето на интегриран пристап во прегуграничната област во делот на децентрализирано производство на енергија од обновливи извори и воведување на решенија за енергетска ефикасност. Реализацијата на проектот ги стимулира локалните бизниси и придонесува за оптимизација на вкупната потрошувачка на енергија и трошоците. Една од основните цели е подобрување на свеста и зголемување на интересот на целната група и чинители од прекуграничниот регион за децентрализирани енергетски решенија и искористување на потенцијалот од обновливите извори на енергија и нивните главни бенефиции: еколошки; економски (намалени трошоци и енергетска независност); ефикасност (квалитет на електрична енергија и

издржливост); зачувување на ресурсите (со користењето на ОИЕ); сигурност и безбедност. Во таа насока, проектот го промовира концептот, главните технологии и придобивките за индивидуални станбени објекти, деловни и јавни објекти (општини, образовен сектор, институции итн.)
Проектот се реализира преку работната програма која ја содржи кампањата „Соларен покрив"составена од 6 работилници за информирање и дискусија; Изработка на „Соларен водич за инвестиции" наменет за три типови на корисници - приватни домаќинства, МСП и јавни установи; изработка на Веб портал "EnerGAIN" - едукативен веб сајт со совети и едукативни филмови за подобрување на онлајн ресурсите кој им обезбедува на потенцијалните корисници информации и соодветни совети за современи решенија за енергетски ефикасен и еколошки дом, бизнис или друга јавна установа; Заеднички специјализирани обуки за ОИЕ за техничари и инженери – градење на капацитети, размена на искуство и знаење во делот на програма за професионалци и експерти во областа на ОИЕ и ЕЕ; како и Е-учење преку програма за обука "EnerGAIN".

7.
Во делот на одржливост или надградување на претходни реализирани проекти и активности кои ФЛОРИТ – Гевгелија ги има реализирано, се наметнува темата за гасификација на општината. Во таа насока, во 2018 година планираме активности со кои ќе се започне со процес на едукација на потенцијалните корисници ( јавни објекти, индустрија, домаќинства) за начинот на користење, придобивки, трошоци околу гасификацијата, и тоа преку изработка на:
1. Студија за начини и можности за приклучување на гасна мрежа
2. Идентификација на потрошувачи (јавни објекти, индустрија, домаќинства) и утврдување на приоритетни линии на приклучок
3.Можност за когенеративни постројки поради побрза исплатливост (топлотна и електрична енергија)
4. Прирачници и едукација од типот „Чекори како да се користи гасот и како да се користи"

8.
Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии и во 2018 година ја продолжува започнатата соработка со граѓански организации од земјава и соседните држави, како и со државни агенции и јавни иницијативи. Членски сме на IPA2CSO механизмот, а сме активни во неколку сектори од вкупно 7-те, (1) Демократија и владеење, (2) Владеење на правото и фундаментални права, (3) Животна средина (4) Транспорт /Енергија , (5) Конкурентност и иновации, (6) Социјален развој и (7) Земјоделство и рурален развој; со кој се поддржува партиципативната демократија преку соработка на државните органи со граѓанските организации. Во врска со соработката со Југоисточниот плански регион во преговори сме за зголемување на соработката, со оглед на тоа што сме и нивни претставници во мониторинг комитетот за спроведување на програмите од прекуграничната соработка помеѓу Грција и Македонија. Фондацијата има превземено обврски и активна соработка со партнерските мрежите во кои што учествува, тука пред се,

се мисли на Мрежата за рурален развој и на Здруженијата на граѓани кои работат на полето на животна средина и одржлив развој.

9.
ФЛОРИТ-Гевгелија во 2018 година ќе продолжи со практиката за опслужување на сите партнерски организации кои делуваат во регионот, како што се „Центарот за развој на југоисточниот плански регион", како и проектните канцеларии на меѓународните донаторски организации на УНДП, ОРФ (како дел од ГИЗ) и УСАИД.

10.
Во поглед на следни активности очекуваме и резултати од поднесените апликации во 2017 година од кои најзначајни се проектот IMPULSE (IMProvement and Upgrade of Local SErvices for youth employment in rural areas in Western Balkan Regions / IMPULSE for youth employment in rural areas in Western Balkan Regions) аплициран преку EuropeAid/154870/DH/ACT/Multi-8 повикот, каде што партнери се организациите „Нешто Више" од Босна и Херцеговина, „ИДА" од Србија, „Фондација за развој на северот на Црна Гора" од Црна Гора и „Агринет" од Албанија. Исто така и за проектот „Атрактивна младинска туристичка дестинација Гевгелија – Дојран" кој е поднесен во повикот за подгрантови од Светска банка за подобрена испорака на туристички услуги и локални економски влијанија (поврзаност и грантови за иновации)

ФЛОРИТ - Гевгелија, како и досега ќе иницира, предлага и подготвува проектни задачи и апликации до разни донаторски организации, во интерес на општина Гевгелија, по претходна консултација со општинската администрација, Советот на општината и Градоначалникот на општина Гевгелија во доменот на своите можности и надлежности. Одредени активности на Фондацијата може да се планираат за работа во претстојната 2018 година, а дел ќе се реализираат според потребите на Општината и јавните повици на меѓународните организации за доделување на грантови во одредени области во Република Македонија.

## II. Финансирање на работата на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија

Во прилог е потребниот буџет за реализација на активностите, кој што претставува и учество на Фондацијата при изработка и имплементација на проекти.

| ***Буџет на Фондација за локален развој и развој на ИТ Гевгелија*** | **2018** | | |
|---|---|---|---|
| **Трошоци (во денари)** | **Вкупно месеци** | **По месец** | **Вкупно** |
| **1. Човечки ресурси** | | | |
| **1.1 Плати и надоместоци** | | | |
| 1.1.1. Администрација – Фондација | 12 | 130500 | 1 566 000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.2 Надградување на човечките ресурси** | | | |
| 1.2.1 Учество на инфо денови / конференции | 12 | 3000 | 36 000 |
| 1.2.2 Тренинг/ обуки | 12 | 2000 | 24 000 |
| ***Вкупно човечки ресурси*** | | | **1 626 000** |
| | | | |
| **2. Патувања** | | | |
| **2.1 Меѓународни патувања** | | | |
| 2.1.1. Студиски патувања ( конференции и семинари ) | 12 | 2000 | 24 000 |
| 2.1.2. Патни трошоци | 12 | 4500 | 54 000 |
| ***Вкупно за патувања*** | | | **78 000** |
| | | | |
| **3.Локални трошоци за канцеларија** | | | |
| **3.1. Трошоци за канцеларија** | | | |
| 3.1.1. Изнајмување на простор | | | |
| 3.1.2 Електрична енергија | | | |
| 3.1.3. Греење | | | |
| 3.1.4. Вода и ѓубрарина | 12 | 1500 | 18 000 |
| 3.1.5. Пошта, телефон и интернет | 12 | 1000 | 12 000 |
| 3.1.6. Поправка и одржување на ИТ опрема | 12 | 0 | 0 |
| 3.2. Потрошен материјал | | | |
| 3.2.1. Канцелариски набавки ( хигиенски средства ) | 12 | 1000 | 12 000 |
| 3.2.2. Канцелариски материјал | 12 | 500 | 6 000 |
| 3.2.3 Одржување и чистење на просториите | 12 | 2000 | 24 000 |
| ***Вкупно трошоци за канцеларија*** | | | **72 000** |
| | | | |
| **4. Други трошоци , услуги** | | | |
| 4.1. Публикации ( web страна, одржување и хостинг) | 12 | 1000 | 12 000 |
| 4.2. Финансиски трансакции, данок | 12 | 1000 | 12 000 |
| 4.3. Сметководствени услуги | 12 | 6500 | 78 000 |
| 4.4. Евалуациони трошоци | | | |
| 4.5. Трошоци за пререгистрација и нотарски услуги | | | |
| 4.6. Непредвидени трошоци | | | |
| | | | |
| ***Вкупно други трошоци*** | | | **102 000** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупно трошоци** | | | **1 878 000** |

Бр.09-2504/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За комуникација и транспарентност во општина Гевгелија во 2018 година**

## ВОВЕД

Комуницирањето со јавноста претставува суштински елемент во функционирањето и управувањето на секоја отворена и отчетна локална власт. Постојаната двонасочна комуникација со граѓаните, бизнис заедницата, медиумите, невладините организации и другите засегнати јавности е присутна во секојдневното работење на општина Гевгелија. Ваквата цел ќе се остварува преку навремено, секојдневно и отворено информирање на граѓаните за работата на општината и нивно активно учество во процесот на креирање политики и нивно спроведување. Но, и преку целосна транспарентност на општината и отвореност кон граѓаните.

Процесот на демократизација одамна ја наметна основната потреба од редовно и навремено информирање на граѓаните и на сите идентификувани групи од интерес на општината, за работата на Градоначалникот и Советот на општина Гевгелија, како и за општинската администрација и сервисот на услуги кои ги нуди. Добрата и навремена информираност на граѓаните за работата на Општината и нејзините услуги ќе придонесат кон зајакнување на комуникацијата помеѓу Општината и граѓаните, но и преку поголемо учество од страна на граѓаните во донесувањето на одлуките од страна на надлежните општински органи.

Во таа насока, граѓаните на општина Гевгелија ќе бидат консултирани за сите поголеми проекти преку анкети и редовни средби. Покрај тоа, за поголемо учество на граѓаните во креирањето на политиката на локалната власт, ќе се користи формирањето на локални совети за економски развој, за култура, за спорт, за млади, во кои ќе членуваат претставници од овие области. Основна задача на овие совети ќе биде учеството во креирањето на приоритетите, насоките за развој и распределбата на ресурсите. Посебно, кога станува збор за стратешките документи, како што се Буџетот на општина Гевгелија, развојните програми и стратегиите за развој.

Развојот на новата информатичка технологија налага изготвување на Стратегија за информатичко комуникациска технологија за општина Гевгелија. Бидејќи за намалување на дигиталниот јаз што нашите

граѓани секојдневно го чувствуваат е потребен стратегиски пристап. Недостигот од ваков пристап беше причина една од стратегиските точки во националната стратегија за развој на електронски комуникации со информатичка технологија да биде донесувањето и усвојувањето на општински стратегии за ИКТ. Усогласувањето на нашите стандарди со европските, коректно следење и спроведување на сите законски одредби и нивното успешно спроведување ќе придонесе општина Гевгелија да обезбеди бренд на е-општина.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНИКАЦИЈА

**Општа цел:**

Да се оддржува редовната и навремена комуникација со јавноста, да се обезбеди целосна транспарентност и да се зајакнат капацитетите во општината за извршување на годишниот план за комуникација и транспарентност.

Континуирано работење врз подобрувањето на потенцијалите на човечките ресурси и техничките капацитети на општината, кои се неопходни за остварување на комуникацијата со јавностите.

**Специфични цели:**

-Зголемено ниво на информирање на сите целни јавности и нивно подобро запознавање со работата и резултатите од работата на општината;
-Подобрување на квалитетот на општинските комуникациски капацитети;
-Доследна примена на Прирачникот за квалитет на услугите како предуслов за примена на ISO 9001:2008 и 9001:2015 стандардите;
-Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки;
-Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност на вработените;
-Проширување на капацитетот и техничко опремување на сите месни и урбани заедници заради обезбедување на поголема комуникација со општината;

## ПРИНЦИПИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Во процесот на спроведување на Програмата за комуникација и транспарентност, општина Гевгелија ќе се придржува кон следниве принципи на комуникација:
-Комуникацијата ќе биде составен дел од сите активности на општината;
-Процесот на комуникација ќе биде јасен и разбирлив;
-Комуникацијата ќе биде навремена, отворена и чесна;
-Работењето на општината – органите на локалната самоуправа и на општинската администрација ќе биде целосно транспарентно;
-Информациите ќе бидат достапни до сите;
-Комуникацијата ќе биде двонасочна меѓу општината и сите целни групи;

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

**- Граѓаните на општина Гевгелија**

Општината редовно ќе ги информира граѓаните за своите активности со цел да ја зголемува транспарентноста за својата работа, но и да ги поттикне граѓаните за поголема вклученост во нејзината работа во сегментите каде тоа се очекува од нив;

**- Урбани и месни заедници**

Зајакнување на капацитетот на месните и урбаните заедници, техничко опремување и воведување на електронски систем на услуги;

**- Медиуми** (локални и национални)

Општината ќе се залага за активна транпарентност преку медиумите, со тоа што постојано ќе пласира информации од секојдневните активности и случувања во општина Гевгелија, со цел граѓаните од општината и од Република Македонија да имаат редовен прилив на информации;

**- Бизнис заедница**

Општината ќе одржува постојан контакт и ќе ја информира бизнис заедницата за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и јавно-приватно партнерство за унапредување на локалниот економски развој;

**- Потенцијални инвеститори**

Општината редовно ќе ги информира потенцијалните инвеститори за своите активности, проекти и можности за вложување со цел да привлече капитал за реализицијата на проекти и да придонесе за локален еконосмки развој;

**- НВО сектор**

Општината ќе ги комуницира и информира невладините огранизации за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и заеднички проекти од интерес за развојот на општината;

**- Општинска администрација**

Општината ќе ги унапредува формите на внатрешна комуникација меѓу вработените за засилувањето на нивната улога во застапување и прокламирање на интересите на општината;

**-Збратимени градови**

Општината ќе одржува постојана комуникација со градовите со кои има потпишано повелба за збратимување со цел запознавање на јавноста на тие градови со можностите за инвестирање во општина Гевгелија, како и заедничко учество во европските проекти за прекуграничната соработка и други меѓународни програми.

**- Донатори**

Општината редовно ќе ги информира меѓународните организации и донатори за своите активности, реализирани проекти и потреби со цел да стимулира поддршка за следни активности и потреби;

**- Маргинализирани групи**

Општината преку различни форми ќе одржува комуникација со ранливите категории граѓани, како што се децата со посебни потреби, социјално загрозењните лица и други социјални групи за подобрување на

нивниот статус, услови за живеење и остварување на основните човекови права.

**-Земјоделци**

Иако, единиците на локалната самоуправа немаат директна надлежност во земјоделието, Општина Гевгелија ќе наоѓа начини за одржување комуникација и стимулирарање на земјоделското прозиводство.

**-Млади**

Младите како носители на идниот развој на општината, ќе бидат вклучени во работата на општината преку разни форми и програми за афирмација на нивното творештво, а истовремено преку редовна комуникација со Агенцијата за вработување ќе се поддржуваат и афирмираат програмите и проектите за вработување на младите;

**- Туристички организации**

Туризмот како еден од правците за развој на Општина Гевгелија налага потреба за редовна комуникација со турстичките субјекти за збогатување на туристичката понуди на локално ниво, воспоставување поголема комуникација со општинската туристичка организација и мапирање на општина Гевгелија на европската туристичка карта;

## АЛАТКИ И НАЧИНИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Општина Гевгелија ќе ги користи следните алатки и начини за комуникација:

**- Е- пошта**

Преку официјалните е-меил адреси на општината на граѓаните им е овозможена редовна комуникација со општинските органи и администрација и дадена можност со свои предлози и сугестии да учествуваат во донесувањето на одлуки во општината.

**- Месечен весник**

„Гевгелиски Магазин“, излегува еднаш во месецот и информира за активностите на општината и актуелните настани и теми во општина Гевгелија.

**- Е-билтен**

Се подготвува и издава секојдневно, а известува за активностите на и во локалната самоуправа.

**- WEB страница**

-Редовно се ажурира, со можност за интерактивна комуникација со граѓаните по проблемски прашања, но и за испитување на јавното мислење. Заради поголема афирмација на туризмот се наметнува потребата од дизајнирање на посебна веб страна „Гевгелија-турист инфо“.

**- Прес конференции**

Се организираат по потреба, кога градоначалникот, претседателот на Советот на општината, лицето одговорно за комуникација со јавноста на Општината или раководителите на секторот/одделенијата имаат да соопштат одредена информација до јавноста или по повод оддржувањето на традиционалните манифестации.

**- Изјави за медиумите**

Една од најчесто користените алатки за комуникација со граѓаните преку медиумите. Изјавите се даваат кога општината има активности од различни области и по барање на медиумите, кога обработуваат теми за локалната самоуправа.

**- Соопштенија за јавноста**

Известувања до граѓаните преку кои се пренесуваат кратки писмени информации со различна содржина, од делокругот на работењето на општината.

**- Интервјуа**

Периодично гостување на градоначалникот на општината на локалните медиуми заради информирање на граѓаните со значајни прашања и теми од работењето на локалната самоуправа.

**- Посети на новинари**

-Кога се започнува или завршува реализацијата на некој капитален проект, Општината и Градоначалникот практикуваат организираат посета на новинари заради потемелно информирање за настанот.

**- Брифинзи за новинарите**

Поретко користена алатка за комуникација, главно, поради малиот број новинари и дописници во општината, но, треба да се практикува со постојните новинари поради можноста да се даваат насоки за теми интересни за јавноста.

**- Огласи**

На локалните и националните медиуми се емитуваат огласи поврзани со јавните набавки, лицитации на земјиште и други активности на општината врз основа на тендерски постапки или договори за соработка;

**- ТВ пренос од седниците на Советот на општината и јавните презентации на Систем 48**

Седниците на Советот на општината, како и јавните презентации на Систем 48, одложно се емитуваат на програмата на локалниот медиум ТВ Нова-К 12. Заради подобар квалитет се предвидува домодернизирање на системот за аудио снимање во рамките на салата за одржување на седници.

**- Публикации**

Се изработуваат по одредени тематски содржини, кои помагаат во профилирањето и промовирањето на општината во пошироката јавност. Публикациите како печатен материјал претставуваат траен документ сработен за манифестации и активности организирани од Општината.

**- Флаери/брошури**

-Се изработуваат по потреба, тематски, за промовирање на Општината за туристички, културни, стопански и други цели. Исто така, се изработуваат за потребите на медиумски кампањи сврзани со одредени акции (за поефикасна наплата на општинските даноци, за Системот 48, за легализација на дивоградбите, за евиденција на дивоградби и сл.)

**-Анкети**

Се организираат двапати годишно заради мерење на квалитетот на услугите и задоволството на граѓаните од нив.

**-Настани/Средби**

Се организираат за комуникација со специфични целни групи (бизнис заедница, невладини организации, невработени, деца со посебни потреби, социјални групи, млади). Притоа се пренесуваат ставови на општината и градоначалникот и се прибираат мислења од специфичните целни групи.

**-Огласна табла**

На огласната табла се објавуваат огласи и соопштенија наменети за граѓаните, како и за вработените во општинската администрација.

## КРИЗНА КОМУНИКАЦИЈА

Кога редовната комуникација е оневозможена од какви и да е причини и се создаваат вонредни услови, настапува комуникација во услови на криза.

Ваквата настаната состојба ја проценува градоначалникот, кој во услови на кризна ситуација ја координира комуникацијата со јавноста.

Комуникацијата во кризна состојба се спроведува согласно законски донесените акти за дејствување во настанатата состојба.

## РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на програмата ќе се користат сите расположливи ресурси во општина Гевгелија.

Заради редовно информирање и унапредување на комуникацијата потребно е да се алоцираат и дополнителни ресурси чиј приказ е даден во продолжение:

| | Активност | Трошоци/денари |
|---|---|---|
| 1 | Поставување на електронски банер | 120.000 |
| 2 | Набавка на дневни и неделни весници, електронски изданија | 50.000 |
| 3 | Печатење на „Гевгелиски магазин“, печатење и издавање на публикации | 650.000 |
| 4 | Изработка на апликација за мобилен телефон „Општина Гевгелија„ | 30.000 |
| 5 | Воведување на електронско следење на состојбата со даночните обврски на граѓаните кон општината | 50.000 |
| 6 | Техничко опремување на месните и урбаните заедници во населените места | 300.000 |
| 7 | Изработка на Стратегија за информатичка технологија и воведување на Интранет софтвер за внатрешна комуникација | 60.000 |
| 8 | Пренос на седници на Советот, ТВ емисии и реклами | 600.000 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Огласи, објави, закуп на печатен и електронски простор | 800.000 |
| 10 | Медиумска промоција на општината | 200.000 |
| | **Вкупно** | **2.860.000** |

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со надлежните раководители на одделенија и државни службеници, а под раководство на градоначалникот на општината.

## МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И АЖУРИРАЊЕ

Остварувањето на програмата ќе се следи секојдневно, како што се спроведуваат планираните активности.

Оценувањето на спроведувањето ќе се прави редовно, најмалку еднаш месечно.

Ќе се спроведува квалитативно и квантитативно мерење на резултатите, според индикаторите од планот за спроведување на активностите.

По потреба, програмата ќе се ажурира, а во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Бр.09-2505/1 Претседател
28.12.2017 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став 1 точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана 28.12.2017 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## За одржување на јавното осветлување во Општина Гевгелија за 2018 година

### I.Општи одредби

Програмата се изготвува со цел да се утврдат активностите за обезбедување на функционирањето на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија во 2018 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

1.Функционирањето на јавното осветлување опфаќа:
- потрошувачка на електрична енергија;
- материјали за одржување на јавно осветлување;
- финансиски средства

2.За функционирање на јавното осветлување се врши редовно одржување кое опфаќа:

-замена на прегорени и искршени светилки со поставување на натриумови и економик светилки,

-замена на заштитни стакла и нивно чистење;

-замена на сите елементи на сијалично место;

-подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени ,

-ослободување на светлосните тела од вегетација и др.

**II.Одржување на јавното осветлување**

За одржување на јавното осветлување се вршат контроли четрипати месечно, а редовно во централните подрачја на населени места во општината, крстосниците, пешачките премини, улиците во близина на болницата, училишта, детски градинки и други улици, кои се во близина на објекти од витално значење и со поголема фрекцвенција.

1.Степенот на уреденост на населените места со јавното осветлување по број и вид на светилки е следниот:

| **Населено место** | **Вкупно** |
|---|---|
| **Гевгелија** | |
| натриумова сијалица 70 W | 520 |
| натриумова сијалица 110 W | 515 |
| натриумова сијалица 250 W | 280 |
| сијалица економик 25 W | 386 |
| живина сијалица 125 W | 437 |
| живина сијалица 250 W | 48 |
| лед рефлектори 70 W | 30 |
| **Гевгелија вкупно:** | **2216** |
| **Негорци** | |
| натриумова сијалица 70 W | 56 |
| натриумова сијалица 110 W | 57 |
| живини сијалици 125 W | 77 |
| живини сијалици 250 W | 12 |
| економик сијалица 30 W | 15 |
| **Негорци вкупно:** | **217** |
| **Богородица** | |
| натриумова сијалица 70 W | 66 |
| натриумова сијалица 110 W | 29 |
| живини сијалици 125 W | 47 |
| живини сијалици 250 W | 4 |
| **Богородица вкупно:** | **146** |
| **Мрзенци** | |
| натриумова сијалица 70 W | 42 |
| натриумова сијалица 110 W | 27 |
| живини сијалици 125 W | 15 |

| | |
|---|---|
| **Мрзенци вкупно:** | **84** |
| **Прдејци**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W<br>економик сијалица 25 W | 35<br>31<br>16<br>2 |
| **Прдејци вкупно:** | **84** |
| **Моин**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | 19<br>35<br>14 |
| **Моин вкупно** | **68** |
| **Ново Конско**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | 20<br>7<br>22 |
| **Ново Конско вкупно:** | **49** |
| **Кованец**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | 10<br>9<br>5 |
| **Кованец вкупно:** | **24** |
| **Серменин**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | 5<br>7<br>5 |
| **Серменин вкупно:** | **17** |
| **СтароКонско**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | 12<br>9<br>8 |
| **Конско вкупно:** | **29** |
| **Смрдлива вода**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | 25<br>25<br>20 |
| **Смрдлива вода вкупно:** | **70** |
| **Хума**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | 25<br>24<br>25 |
| **Хума вкупно:** | **74** |
| **Мираввци**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W<br>живини сијалици 250 W<br>економик сијалици 25 W | 183<br>87<br>16<br>6<br>5 |

| | |
|---|---|
| **Миравци вкупно:** | **297** |
| **Милетково**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | <br>21<br>16<br>6 |
| **Милетково вкупно:** | **43** |
| **Петрово**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | 21<br>27<br>11 |
| **Петрово вкупно:** | **59** |
| **Смоквица**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W<br>живина сијалици 250 W | <br>6<br>14<br>14<br>3 |
| **Смоквица вкупно:** | **37** |
| **Габраво**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | <br>3<br>3<br>1 |
| **Габраво вкупно:** | **7** |
| **Давидово**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W<br>економик сијалица 25 W | <br>39<br>21<br>13<br>6 |
| **Давидово вкупно:** | **79** |
| **Општина Гевгелија се вкупно:** | **3600** |

2.Табеларно претставени по видови на светилки за општина Гевгелија:

| **Ред.бр.** | **Општина Гевгелија** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| 1. | натриумова сијалица 70 W | **1108** |
| 2. | натриумова сијалица 110 W | **943** |
| 3. | натриумови сијалици 250 W | **280** |
| 4. | економик сијалици 25 W | **414** |
| 5. | живина сијалица 125 W | **752** |
| 6. | живина сијалица 250 W | **73** |
| 7 | лед рефлектори 70 W | **30** |

3. Потребни материјали за одржување и проширување на јавното осветлување за 2018 година.

| Р.бр. | Име на матрејалот | ЕМ | Кол. |
|---|---|---|---|
| 1. | Натриумова сијалица 70 W | бр. | 600 |
| 2. | Натриумова сијалица 110 W | бр. | 500 |
| 3. | Натриумова сијалица 250 W | бр. | 150 |
| 4. | Економик сијалица 25 W | бр. | 200 |
| 5. | Метал халогена сијалица 400 W | бр. | 10 |
| 6. | Ампули за рефлектори 150 W | бр. | 10 |
| 7. | Ампули за рефлектори 1000 W | бр. | 10 |
| 8. | Ампули за рефлектори 1500 W | бр. | 10 |
| 9. | Пригушница за надворешна монтажа 70 W | бр. | 250 |
| 10. | Пригушница за надворешна монтажа 125 W | бр. | 200 |
| 11. | Пригушница за внатрешна монтажа 250 W | бр. | 40 |
| 12. | Комплет арматура натриум 70 W | бр. | 30 |
| 13. | Комплет арматура натриум 110 W | бр. | 50 |
| 14. | Комплет арматура натриум 250 W | бр. | 20 |
| 15. | Фасонки Е27-порцелански | бр. | 250 |
| 16. | Фасонки Е40-порцелански | бр. | 20 |
| 17. | Заштитно стакло Ф 200 | бр. | 200 |
| 18. | Форел со оптичко око | бр. | 30 |
| 19. | Контактор 25А | бр | 2 |
| 20. | Контактор 63А | бр. | 10 |
| 21. | Контактор 80А | бр. | 10 |
| 22. | Контактор 125А | бр. | 2 |
| 23. | Тајмер со седмодневна меморија | бр. | 4 |
| 24. | Автоматски осигурачи 16А | бр. | 30 |
| 25. | Автоматски осигурувачи 25А | бр. | 20 |
| 26. | Автоматски осигурувачи 63А | бр. | 10 |
| 27. | Ножест осигурувач 63А | бр. | 30 |
| 28. | Ножест осигурувач 100-250А | бр. | 30 |
| 29. | Постолје за осигурувачи | бр. | 5 |
| 30. | Патрон 25А | бр. | 50 |
| 31. | Капа за осигурувач 25А | бр. | 50 |
| 32. | Гребенест прекинувач 25А | бр. | 5 |
| 33. | Комплет подножје за опална топка од 110 W | бр. | 30 |
| 34. | Опална топка Ф-400 | бр. | 30 |
| 35. | Ињектор за натр. сијалица 70-250 W | бр. | 250 |
| 36. | Стега за кабел | бр. | 100 |
| 37. | Метал халоген рефлектор 400 W | бр. | 10 |
| 38. | Кабелска глава за ПП00 | бр. | 5 |
| 39. | Кабел ПП00 4х16мм | м | 100 |
| 40. | Кабел П/Ф 3х1,5мм | м | 50 |
| 41. | Кабел П/ф 2х2,5мм | м | 50 |
| 42. | Алкалекс кабел 1х16мм | м | 2000 |
| 43. | Алкалекс кабел 2х16мм | м | 3000 |
| 44. | Алаклекс кабел 4х16мм | м | 50 |

Набавката и монтажата на материјалите ќе се вршат согласно Законот за јавни набавки.
Изборот на најдобар понудувач за одржување на јавно осветлување ќе го врши Комисијата за јавни набавки на Општинската администрација Гевгелија на јавен тендер.

**III.Електрична енергија за јавно осветлување**

Потрошувачката на електрична енергија во 2017 година, изнесува 117.800 кЊх во просек месечно односно за цела година 1.413.600 кЊх.

**IV.Финансирање на јавното осветлување**

За функционирање на јавното осветлување ќе се обезбедат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година од Програмата Ј3 и тоа:
-за потрошена електрична енергија ----------------- денари;
-за материјали за одржување на јавното осветлување и монтажа ----------- денари;
-други оперативни расходи ------------------ денари
Вкупно средства за реализација -------------- денари.

За реализација на програмата надлежен е Градоначалникот на општината.

**V.**Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2506/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 34 и 123 став 4 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ" бр.93/12, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16г.), член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Гевгелија во областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи во 2018 година**

- **Вовед**

Програмата за активностите на општина Гевгелија ги утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и

спасувањето и справувањето со кризи, кои претставуваат активности од јавен интерес.

Според законските одредби, Општина Гевгелија во 2018 година овие активности ќе ги остварува преку:

1. Општинскиот штаб за заштита и спасување;
2. Просторните универзални сили за заштита и спасување;

Со програмата ќе се овозможи финансирање на системот за заштита и спасување, заштита на граѓаните, материјалните добра и природните ресурси од елементарни непогоди и други несреќи.

Во истата се уредува:

- Извор на финансиската конструкција
- Пресметани трошоци за заштита и спасување на подрачјето на Општина Гевгелија (распределба на средствата за финансирање).
- Тековни активности и динамика на извршувањето на програмата.

**2. Цели**

Основна цел на оваа програма е обезбедување на основни средства за превентивно делување на подрачјето на општина Гевгелија, односно финансирање на системот за заштита и спасување, заштита на граѓаните, материјалните добра и природните ресурси од елементарни непогоди и други несреќи, преку:

I. Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др.;

II. Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;

III. Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;

IV. Обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на непогодата;

V. Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување за справување со кризи (обезбедување на основни средства за превентивно делување на подрачјето на општината );

VI. Едукација и подготовка за превентивно делување;

VII. Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи.

- **Активности**

За реализација, функционирање и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни појави и други несреќи во мир. Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност.

Општина Гевгелија преку Програмата за 2018 година, во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетни и технички стручно подготвени Просторни универзални сили, со кои ќе може брзо и ефикасно да се дејствува на целото подрачје на Општина Гевгелија.

За спроведувањето на заштита и спасување од елементарни непогоди и други несреќи, Советот на општина Гевгелија, на подрачјето на општината, освен Штаб за заштита и спасување, формираше:

- 5 (пет) универзални единици во јачина на вод, од кои 3 (три) во Гевгелија и по една во населените места Негорци и Миравци.
- 12 (дванаесет) универзални единици во јачина на одделение во останатите населени места).

Вкупната бројна состојба на овие единици за интервенција во случај на потреба изнесува 356 лица (работоспособни граѓани).

За реализација, функционирање и остварување на системот за заштита и спасување ќе се спроведат следните активности:

VIII. Едукација и обука на единиците ( командни тела, извршители )
IX. Обука на надлежните лица во локалната самоуправа
X. Вежбовни активности
XI. Подигање на јавната свест (ангажирање на медиуми, публикациии документи и материјали)
XII. Набавка на опрема,

Исто така Општина Гевгелија и во 2018 година ќе продолжи со континуирана соработка со надлежните државни органи од областа на заштитата и спасувањето и тоа:

- Дирекцијата за заштита и спасување,
- Центарот за управување со кризи,
- Министерството за одбрана.

**4. Финансирање**

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од Средства од Буџетот на Општина Гевгелија.

За финансирање на активностите за дејствување на штабот и единиците за заштита и спасување, се планира набавка на:

**Извори на финасирање во МКД ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА**

| Бр. | ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ | КОЛИЧИНА | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ | ВКУПНО |
| 1. | Лична опрема | 42 | април/мај | Буџет на општина Гевгелија | **160 000** |
| 2. | Друга опрема:<br>-Напртњачи -20<br>-ПП апарати ( С-9 ) - 10<br>-Метални метли - 12 | 42 | април/мај | Буџет на општина Гевгелија | **240 000** |
| 5. | Обука и едукација на штабот и силите | | мај | Буџет на општина Гевгелија | **95 000** |
| 6. | Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема : превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи | | септември | Стручни лица од Дирекцијата за заштите и спасување ПО Гевгелија | **2 500** |
| 7. | Информирање на граѓаните преку флаери и соопштенија за заштита и превенција од пожари и катастрофи | | мај/јуни/јули | Буџет на општина Гевгелија | **2 500** |
| **ВКУПНО ( денари ):** | | | | | **500 000** |

**5. Завршни одредби**

Со спроведување на планираните активности и обезбедување на минимум опрема ќе се обезбеди непречено функционирање на субјектите на заштита во услови на можни природни непогоди и други несреќи.

Програмата за заштита и спасување за 2018 година ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Гевгелија за 2018 година.

За спроведувањето на истата се грижи Градоначалникот на Општина Гевгелија.

Општина Гевгелија во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела, како и органите и телата на Советот на општина Гевгелија ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности

6.Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија “.

Бр.09-2507/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и 11/05), член 11 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15 и 30/16), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## За активностите во областа на социјална заштита во општина Гевгелија за 2018 година

### I.ВОВЕД

Основен документ со кој е уредено остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија е Законот за социјалната заштита. Според овој закон, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат спроведувањена социјалната заштита во согласност со овој закон, донесуваат програми за потребите награѓаните од областа на социјалната заштита, согласно со Националната програма за развој на социјалната заштита, ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон идонесуваат општи акти од областа на социјалната заштита.

Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат остварување насоцијалната заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и децата без родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица,децата со воспитно-социјални проблеми, децата

од еднородителски семејства, лицатаизложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат дроги, други психотропнисупстанции, прекурзори и алкохол, лицата жртви на семејно насилство, лицата жртви натрговија со луѓе, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални иинституционални облици на социјална заштита, домување и подигање на свеста нанаселението за потребите од обезбедување на социјалната заштита, согласно со одредбитеод овој закон.

## II. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Социјалната заштита, како организирана дејност од страна на државата и локалната самоуправа, која има за цел да се спречат и надминат основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот, семејството и групи население во текот на животот, најчесто ги третира следниве ризици:

1. Ризици по здравје ( болест, повреда и инвалидност )
2. Ризици од старост и стареење
3. Ризици на кои се изложени еднородителските семејства
4. Ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично
5. Ризици одсиромаштија и ризиците од друг вид на социјална исклученост.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност.Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик.

## III. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Помеѓу другото, оваа програма ја регулира и поблиската соработка помеѓу централната власт претставувана од министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа, со локалната власт, на полето на социјалната заштита.

Со Програмата се предвидува активностите на општина Гевгелија, во обласа на социјалната заштита, да бидат насочни кон остварување на се следните приоритетни цели:

1.Остварување на социјална заштита на лица изложени на социјален ризик,

2.Остварување на социјална заштита на лица со посебни потреби,

3.Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции

## ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 1

### Остварување на социјална заштита на лица изложени на социјален ризик

### ЦЕЛ

- Подобрување на квалитетот на живот на населението, а особено на оние лица кои се со загрозена материјална состојба и на кои им е потребна социјална помош.

**АКТИВНОСТИ**

**1. Еднократна парична помош за физички лица**

Општина Гевгелија, ќе обезбеди финансиска помош на лицата корисници на права од областа на социјалната заштита.

Во оваа категорија ќе бидат земени во предвид и лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, како и лица неспособни за работа.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**150.000,00 денари.

**2. Субвенционирање на престојот на деца во ЈОУДГ Детска радост Гевгелија**

Оваа активност се однесува на деца кои потекнуваат од социјално загрозени домаќинства. Средствата ќе се исплаќаат врз основа на податоци кои месечно ќе ги доставува ЈОУДГ Детска радост Гевгелија.

**Извор на средства:**
Буџетот на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**150.000,00 денари.

**3. Доделување на новогодишни пакетчиња на деца кои потекнуваат од социјално загрозени домаќинстваи штитениците на Дневниот центар за деца со посебни потреби.**

За децата – жители на Општина Гевгелија, кои потекнуваат од социјално загрозени домаќинства, како и за децата кои го посетуваат Дневниот центар за деца со посебни потреби,општината секоја година доделува новогодишни пакетчиња.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**15.000,00 денари.

**4. Доделување на огревно дрво на лица кои се корисници на право на постојанапарична помош**

Оваа активност се однесува на лица кои се корисници на правото на постојана парична помош на подрачјето на општина Гевгелија. Дрвата за огрев ќе се доделат по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар засоцијална работа-Гевгелија.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**115.000,00 денари.

**5. Доделување на „Велигденски пакет“ на лица кои се корисници на право на социјална парична помош**

Лицата кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија, по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар засоцијална работа-Гевгелија, по повод велигденските празници, ќе добијат пакет.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**25.000,00 денари.

**6. Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење.**

Оваа активност се однесува на домаќинства кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија.

Корисникот го остварува надоместокот по основ на субвенција на дел од месечната сметка за комунални услуги-испорака на вода за пиење, издадена од давателот на услуга-ЈПКД „Комуналец" Гевгелија, доколку:

-остварува право на социјална парична помош, согласно Законот за социјалната заштита,

-редовно ги плаќа сметките за потрошената вода,

-потрошувачката на вода не надминува повеќе од 20 м3 месечно.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**300.000,00 денари.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 2**
**Остварување на социјална заштита на лица со посебни потреби**

**ЦЕЛ**

- Подобрување на квалитетот на живеење на лицата со посебни потреби;
- Побрза социјализација и поголема вклученост на оваа група во јавниот – социјален живот.

**АКТИВНОСТИ**

**1. Субвенционирање на превоз на одредени категории лица со посебни потреби во општинскиот линиски превоз на патници.**

Субвенционирањето на превоз во општинскиот линиски превоз на патници ќе се врши за лица со посебни потреби во општина Гевгелија и тоа:

- Лица со интелектуална попреченост,
- Телесно инвалидизирани лица,
- Лица со оштетен вид,
- Лица со оштетен слух,
- Инвалиди на трудот,
- Бубрежно болни лица,
- Инвалидски пензионери,
- Воени инвалиди.

За лицата со 100% инвалидитет ќе се субвенционира и превоз за неговиот придружник.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**280.000,00 денари.

**2. Доделување на стипендии на ученици со посебни потреби**

Доделувањето на стипендии ќе се врши врз основа на барање кое, заедно со потврда за упис во училиште, овие лица ќе го достават до општината.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**100.000,00 денари.

**3. Изградба на пристапни рампи за инвалидизирани лица во јавните општински установи**

Оваа активност ќе се реализира согласно Законот за градење и Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**100.000,00 денари.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 3**
**Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции**

**ЦЕЛ**
- Намалување на бројот на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции,
- Намалување на штетните последици од злоупотребата на дроги,
- Ресоцијализација на лицата корисници на дроги.

**АКТИВНОСТИ**
- Едукативни работилници за лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции,
- Едукативни работилници за лица вклучени во метадонски третман.

Овие активности ќе бидат реализирани во соработка со невладиниот сектор од општината.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**20.000,00 денари.

**III. ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

**1.Еднократна парична помош на новородено дете**

Општина Гевгелија ќедоделува еднократна паричнапомош за новородени деца, чии родители се со постојаноживеалиште во Општина Гевгелија, и тоа во износ од 6.000,00 денари за новородено дете и 12.000,00 денари за третородено дете.

Барателот е потребно со барањето за доделување на еднократна парична помош дадостави:

- лична карта на родителите,
- извод од матична книга народените (за новороденчето, за трето дете-извод за сите три деца)
- број на трансакциска сметка.

На овој начин освен што се помагаат семејствата со принови и се поттикнува наталитетот, општината ќе може да добие и евиденција за новородени деца во општината на годишно ниво, со што ќе сеутврди и далипостои тренд на пораст или опаѓање на бројот на новородени деца во општината.

**Извор на средства:**
Буџет на општина Гевгелија за 2018
**Потребни средства:**
1.200.000,00 денари.

**IV. БУЏЕТ**

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат со средства предвидени во Буџетот на општина Гевгелија 2018 година, а во вкупен износ од **2.455.000,00** денари.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во силаод денот на објавување во Службен гласник на општина Гевгелија, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2018 година.

Бр.09-2508/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 89 став 1 алинеа 3 од Законот за средно образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 26/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2018 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2018 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлуки бр. 05-967/1, 05-968/1, 05-969/1 и 02-970/1 и 05-971/1 од 20.11.2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен глсник на општина Гевгелија".

Бр.09-2509/1 Претседател
28.12.2017 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2018 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2018 год., усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето, со Одлука бр.02-4/31 од 14.11.2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен глсник на општина Гевгелија".

Бр.09-2510/1 Претседател
28.12.2017 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков" -Гевгелија за 2018 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2018 год., усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2511/1 Претседател
28.12.2017 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од

Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев" -Негорци за 2018 година**

1. Се усвојува Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2018 год., усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-260/3 од 15.11.2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2512/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски" -Миравци за 2018 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2017 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.02-205/1 од 17.11.2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2513/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за усвојување на Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"
Гевгелија за 2018 година

1.Се усвојува Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2018 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на училиштето со Одлуки бр.02-99/1 од 17.11.2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2514/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 32 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10 и 51/11 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2018 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2018 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на установата под бр.02-186/1 од 29.11.2017 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2515/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за култура ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11 и 51/11 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2018 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2018 година, усвоен и предложен од управниот одбор на оваа установа.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2516/1 Претседател
28.12.2017 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за култура ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11 и 51/11 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2018 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"- Гевгелија за 2018 година, усвоен и предложен од Управен одбор на установата со Одлука бр.01-27/1 од 09.11.2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2517/1 Претседател
28.12.2017 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за култура ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11 и 51/11 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2018 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ЈОУ Работнички Универзитет "Кирил и Методија"- Гевгелија за 2018 година, усвоен и предложен од управниот одбор на оваа ЈОУ.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2518/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 98 став 1 алинеа 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансов план- буџет на ЈОУДГ "Детска Радост"- Гевгелија за 2018 година**

1.Се усвојува Финансовиот план-буџет на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2018 година, усвоен од Управниот одбор на оваа јавна установа под бр.02-232/3 од 17.11.2017 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2519/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Годишниот план за работа на Локалната комисија за борба против нелегалната трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2018 година**

1.Се усвојува Годишниот план за работа на Локалната комисија за борба против нелегалната трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2520/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Програмскиот буџет за спроведување на Годишниот план за работа на Локалната комисија за борба против нелегалната трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2018 година**

1.Се усвојува Програмскиот буџет за спроведување на Годишниот план за работа на Локалната комисија за борба против нелегалната трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2521/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Локалниот акциски план за борба против нелегалната трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за периодот 2017-2020 година**

1.Се усвојува **Локалниот акциски план** за борба против нелегалната трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за периодот 2017-2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2522/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 17 став (3) и (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр 27/14, 199/14 и 27/16), член 57 став (4) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 38 став (1) точка 26 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06 и 08/10 год.), на предлог на градоначалникот, Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Одлуката за за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гевгелија**

**Член 1**

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гевгелија бр.09-2194/1 од 30.09.2016 година, во член 9 став 1 точка 3 се додава нова подточка 3.3, која гласи:

„3.3. Одделение за јавни набавки;"

**Член 2**

Во член 9 став 1 точка 4, подточките 4.1 и 4.2. се менуваат и гласат:

„ 4.1.Одделение за образование и детска заштита;

4.2. Одделение за социјална и здравствена заштита, култура и спорт;"

**Член 3**

По членот 20 се додава нов член 20-а кој гласи:

„Член 20-а

3.3.Одделението за јавни набавки ги врши работите што се однесуваат на примената за законите, подзаконските акти и другите прописи од областа на јавните набавки, ги следи потребите од набавки во општината, обезбедува услови за работа, дава стручна и техничка помош и ја следи работата на Комисијата за јавни набавки, се грижи за спроведување на постапката за набавка согласно Законот за јавни набавки, врши администрирање со корисничкиот профил на општината во ЕСЈН, изготвува годишнен план за јавни набавки и води сметка за неговото спроведување, го утврдува начинот на постапката за набавки во зависност од видот и вредноста на набавката согласно Законот за јавните набавки, изготвува техничката документација потребна за јавите набавки, изготвува договори за јавните набавки и го следи нивното спроведување, предлага мерки и активности за спречување на јавни набавки надвор од годишниот план и средствата предвидени со Буџетот на општината и врши и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи."

**Член 4**

Членот 22 се менува и гласи:

„Член 22

4.1. Одделението за образование и детска заштита ги врши работите што се однесуваат на: организирање на образовниот и воспитниот процес и заштитата на децата во општината, го следи функционирањето на образовните институции и институциите за детска заштита, врши анализа на тековната поставеност на училишната мрежа и мрежата на детски градинки, дава препораки за одредени измени, го следи движењето на кадарот во овие институции, го следи движењето на бројот на учениците и паралелките во училиштата и бројот на децата во групите во детските градинки, ја следи функционалноста на објектите, соработува со раководните и органите на управување, врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно законот."

**Член 5**

Членот 23 се менува и гласи:

„Член 23

4.2. Одделението за социјална и здравствена заштита, култура и спорт, ги врши работите што се однесуваат на: следење на состојбите во културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и здравствената заштита; следење на функционирањето на установите во овие области; следење на функционалноста на објектите на установите; преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени дејствија, природни катастрофи и друго; противпожарна заштита; комуникација со медумите и јавноста; соработка со невладини организации, здруженијата на граѓани и граѓаните; остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот согласно законот."

**Член 6**

Согласно извршените измени и дополнувања во Одлуката, се вршат измени и дополнувања на графичкиот приказ (органограм) на внатрешната организацијата на општината, кој е составен дел на оваа Одлука.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр.09-2523/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.12.2017 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2018 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Со оваа Предлог-Програма се определуваат прашањата (актите и материјалите) кои ќе ги разгледува и одлучува на Советот на општина Гевгелија во своето работење во текот на 2018 година (Во натамошниот текст: Советот на општината).

Покрај прашањата содржани во Програмата, Советот на општината ќе разгледува и одлучува и по други прашања и проблеми што ќе произлезат од законските и други прописи кои ќе бидат донесени во текот на 2018 година.

Во реализирањето на програмата, Советот на општината ќе соработува со Градоначалникот на општината, јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, невладиниот сектор како и со други органи и организации.

Прашањата по кои ќе расправа и одлучува Советот на општината во 2018 година се распоредени во групи и подгрупи.

**I .ДЕЛ**

- **АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

1.1.Завршна сметка за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2017година.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До 15 март 2018 година.

1.2.Завршна сметка за 2017 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски", "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов".

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: 15 Март 2018 година

1.3.Завршна сметка за 2017 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија.
Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште.
Рок: 15 Март 2018 година.

1.4.Завршна сметка за 2017 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: 15 Март 2018 година.

1.5. Завршна сметка за 2017 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека
Рок: 15 Март 2018 година.

1.6.Завршна сметка за 2017 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата
Рок: 15 Март 2018 година.

1.7.Завршна сметка за 2017 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет
Рок: 15 Март 2018 година.

1.8.Завршна сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2017 година.
Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"
Рок: 15 Март 2018 година.

1.9.Квартални извештаи за извршувањена Буџетот за 2018 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Квартално во текот на 2018 година.

1.10.Информација за преземените активности за подготовка на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Септември 2018 година.

1.11.Буџет на општина Гевгелија за 2019 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2018 година.

1.12.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација

Рок: До крајот на декември 2018 година.

1.13.Годишен финансиски план за 2019 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски", "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок:Декември 2018

1.14.Годишен финансиски план за 2019 година на Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Средноопштинско училиште
Рок: Декември 2018 година.

1.15.Годишен финансиски план за 2019 година на Општинската установа за деца-Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Декември 2018 година.

1.16.Годишен финансиски план за 2019 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека
Рок: Декември 2018 година.

1.17.Годишен финансиски план за 2019 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата
Рок: Декември 2018 година.

1.18. Годишен финансиски план за 2019 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет
Рок: Декември 2018 година.

1.19.Годишен финансов план на ЈОУ Пионерски дом"Јосип Броз Тито"за 2019 год.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"
Рок: Декември 2018 година.

1.20.Годишни финансиски извештаи од сите корисници на програмите за потрошените средства доделени од Буџетот на општина Гевгелија.

Предлагач : Советници
Изготвувач: Невладините организации и Општинската администрација
Рок: Јануари 2018 година.

1.21.Завршни извештаи од реализираните проекти на фондацијата ФЛОРИД каде што општина Гевгелија се појавува како партнер .

Предлагач : Советници
Изготвувач: фондацијата ФЛОРИД
Рок: Март 2018 година.

- **АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

2.1.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2018 година

